Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет – Скопје

Студиска програма: Педагошки науки

# ПЕДАГОШКА ПРОЦЕНКА НА РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

– МАГИСТЕРСКИ ТРУД –

Ментор:
Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат:
Ана Гешовска
4994/16

Скопје, април 2018

СОДРЖИНА

Вовед ---------------------------------------------------------------------------------------- 1

ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ------------------------------------ 3

1. Значењето на проблемот------------------------------------------------------------ 4

2. Терминолошки определби и толкувања на основните поими------------------- 5

3. Законски основи за процесот на запишување на децата во основно училиште ---------------------------------------------------------------------------------------- 7

4. Релевантните педагошки аспекти на процесот на запишување на децата во основно училиште ---------------------------------------------------------------------------------------- 7

4.1. Развојните карактеристики на децата од пет и шестгодишна возраст ------- 8

4.1.1. Развиеност на јазичните вештини------------------------------------------------ 8

4.1.2. Развиеност на моторичките вештини ---------------------------------------------- 9

4.1.3. Развиеност на социоемоционалните вештини --------------------------------11

4.2. Предучилишното воспитание и образование како предуслов за зајакнување на образовниот статус на децата во годината пред запишување во основно училиште-12

5. Функцијата на педагогот при запишувањето на децата во училиште ---------13

5.1. Техники и инструменти за проценка на развојниот статус на децата -------13

5.2. Протокол при запишувањето на децата во основно училиште -----------14

5.3. Методолошко-педагошките основи на процесот на проценувањето на образовниот развој на децата ------------------------------------------------------------15

5.4. Насоки за запишување на првачињата во учебната 2007/2008 година---15

6. Релевантна документација која се користи во другите земји при запишување на децата во прво одделение -------------------------------------------------------------------------18

6.1. Релевантна документација која се користи во Република Србија-----------18

6.1.1. Упис во основно училиште------------------------------------------------------19

6.1.2. Тестови за тестирање на идните првачиња ------------------------------------20

6.1.3. Запишување на посебни групи ученици-----------------------------------------21

6.1.4. Мониторинг на запишувањето во основните училишта --------------------22

6.1.5. Тестови за запишување во прво одделение ------------------------------------24

6.2. Релевантна документација која се користи во Република Хрватска---------26

6.2.1. Правилник за упис на децата во основно воспитание и образование -----28

6.2.2. Зрелост на детето за упис во училиште----------------------------------------28

6.2.3. Организација на уписот во прво одделение -----------------------------------36

6.2.4. Девијации во развојот при уписот на децата во прво одделение ----------39

6.2.5. Соработката меѓу родителите и училиштето – предуслов за успехот на детето ----------------------------------------------------------------------------------------43

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО----------------------------------------47

1. Предмет на истражувањето ------------------------------------------------------48

2. Цел и карактер на истражувањето---------------------------------------------------48

3. Задачи на истражувањето ---------------------------------------------------------49

4. Хипотези -------------------------------------------------------------------------------49

5. Варијабли на истражувањето--------------------------------------------------------50

6. Методи, техники и инструменти на истражувањето -----------------------------50

7. Популација и примерок на истражувањето ---------------------------------------52

7.1. Примерок на општини ----------------------------------------------------------53

7.2. Примерок на основни училишта--------------------------------------------------53

7.3. Примерок на педагози -----------------------------------------------------------59

7.4. Примерок на законски регулативи------------------------------------------------59

7.5. Примерок на педагошка документација ---------------------------------------60

8. Обработка на податоци ----------------------------------------------------------------60

9. Организација и тек на истражувањето ------------------------------------------61

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ------------------------------------------------------------------------63

1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на педагозите во основните училишта ----------------------------------------------------64

2. Анализа на педагошко-методолошка документација на педагозите-----------78

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ-----------------------------------82

Заклучни согледувања и препораки-------------------------------------------------83

Литература------------------------------------------------------------------------------------88

ПРИЛОЗИ------------------------------------------------------------------------------ 100

Прилог бр. 1. Писмо до родителите (Република Хрватска)---------------------- 101

Драги родители, ------------------------------------------------------------------------ 101

Прилог бр. 2. Прашалник за проценка на зрелоста за упис во прво одделение (Република Хрватска)------------------------------------------------------------------------------------ 103

Прилог бр. 3. Инструкции за имплементација на прашалникот за процена на зрелоста за упис во прво одделение (Република Хрватска)------------------------------------------ 108

Прилог бр. 4. Прашалник за родители пред уписот на децата во прво одделение (Република Хрватска) ------------------------------------------------------------------------ 116

Прилог бр. 5. Прашалник за педагозите од основните училишта -------------- 120

Прилог бр. 6. Современа педагошко-методолошка документација на педагозите-------------------------------------------------------------------------------------130

Прилог бр. 7. Застарена педагошко-методолошка документација на педагозите- -----------------------------------------------------------------------------------134

Прилог бр. 8. Правилник за упис на првачиња и формирање на паралелки за прво одделение ---------------------------------------------------------------------------------- 135

Прилог бр. 9. Четвртиот дел од Законот за основно образование – IV. ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ------------------------------------------------------------------------- 136

# Апстракт

Педагогијата, како во минатото, така и во сегашноста, но и во иднина, подлежела, подлежи и ќе подлежи на многу измени, затоа што општеството напреднува со огромна брзина, а таа како општествена наука има за задача да биде во чекор со промените и да се осигура дека ги воспитува и образува учесниците на начин, кој ќе им овозможи полесно да функционираат во општеството во кое живеат.

Денес при запишувањето на децата во основно воспитание и образование, се врши проценка од Стручната служба, при што, стручниот соработник одлучува дали детето е подготвено да се стекне со статусот „ученик“. Оваа проценка е од огромно значење, како за педагогијата како наука, така и за понатамошниот холистички развој на децата.

Во овој труд се третира токму педагошкиот проблем кој се однесува на проценката на развојот на децата при запишување во основното воспитание и образование, која ја вршат педагозите и членовите на Стручната служба во Република Македонија. За таа цел беше спроведено истражување во 36 општини, односно во 115 основни училишта кои се на територијата на Република Македонија.

Истражувањето е **теоретско** затоа што е поткрепено со теорија и со теоретска анализа и е насочено кон решавање на едно суштинско прашање во поглед на педагогијата. **Емпириско** е затоа што проблемот се проучува по пат на непосредно искуство (собирање податоци и факти на терен). **Квантитативно** е бидејќи во истражувањето се користат техники и инструменти од квантитативен карактер (прецизни методи, пополнување на прашалник). **Квалитативно,** бидејќи се користат техники и инструменти од квалитативен карактер (поприродни, субјективни техники на истражување). **Современо**, пак, е затоа што е наменето за актуелен проблем од областа на воспитанието и образованието во Република Македонија.

Со истражувањето се добија релевантни податоци за квалитетот и начините за спроведување на проценката на развојот на децата од стручните соработници, како и за техниките и инструментите кои се користат за нејзината реализација.



Клучни зборови: педагогија, педагог, дете, развој, проценка, истражување.

## Abstract

Pedagogy, as in the past, in the present, but also in the future, has undergone, undergoes and will undergo many changes because society is progressing at a tremendous pace, and as a social science it has the task of keeping pace with the changes and ensuring that educates the participants in a way that will enable them to function easily in the society in which they live.

Today, when enrolling children in elementary education, an assessment by the professional service is made, with the expert worker deciding whether the child is ready to acquire the title "pupil". This assessment is of vast significance, both for pedagogy as a science and for the further comprehensive development of children.

This thesis deals with the assessment carried out by pedagogues and pedagogical staff in the Republic of Macedonia. The research was conducted in 36 municipalities and it involved 115 elementary schools that are within the territory of the Republic of Macedonia.

The research is **theoretical** because it is supported by theory and is directed to solving an essential question in terms of pedagogy. It is **empirical** because the problem is studied by direct experience (data collection and field facts). It is **quantitative** because the research uses techniques and instruments of quantitative character (use of precise methods, filling out a questionnaire). **Qualitative** because they use techniques and instruments of a qualitative nature (using more natural, subjective research techniques). It is **contemporary** because it is intended for a current problem in the field of education in the Republic of Macedonia.

The survey provided relevant data on the quality and ways of implementing the assessment of the development of children by the experts / associates, as well as the techniques and instruments used for its realization.

Key words: pedagogy, pedagogue, child, development, assessment, research.

# Вовед

Личноста претставува една организирана и структурална целина која е склоп на социобиолошки и психички особини и однесувања низ кои се изразува особеноста на поединецот во однос на другите луѓе кои се дел од општествената заедница во којашто живее. Општествените влијанија и воспитанието имаат најголема улога кога станува збор за оформувањето на личноста, па затоа и во зачетоците на педагошката мисла се среќаваат различни гледишта за тоа кои се факторите кои го одредуваат развојот на личноста и колкаво влијание имаат тие во нејзиното насочување во еден или во друг правец. Развојните карактеристики на личноста на детето се поделени во неколку домени кои се претставени во Стандардите за рано учење и развој. Во Република Македонија, процесот на изготвување на Стандардите за рано учење и развој започнал во 2006 година на иницијатива на УНИЦЕФ во Скопје, во рамките на соработката со Министерството за труд и социјална политика. Примарната цел на оваа иницијатива била да се развие една целина од национално прифатливи стандарди за рано учење и развој, кои фокусираат на позитивни излезни резултати во холистичкиот развој кај децата, на возраст од 0 до 6 години. Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата кои треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (моторен развој, социоемоционален развој, когнитивен развој итн.). Овие стандарди можат да се применуваат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата на возраст од 0 до 6 години (во семејството, во детските градинки, во детските центри за рекреација, како и во разни неформални облици на згрижување и воспитување на децата). Во документот Стандардите се презентирани по развојни домени, но потребно е да се нагласи дека развојниот процес и учењето кај малите деца не се одвиваат изолирано, туку континуирано, преку сите домени. Развојните домени се меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постоечките знаења низ сите домени. Секое дете како индивидуа се развива и оформува со свое темпо, но и покрај индивидуалноста, тоа мора/треба да ги исполнува стандардите кои се карактеристични за секоја возрасна група и кои во голема мера укажуваат на понатамошниот развој на неговата личност. Педагошката проценка при запишувањето на децата во основно воспитание и

образование се однесува токму на степенот на развој кај децата, т.е. на исполнувањето на критериумите кои се пропишани во Стандардите за рано учење и развој. Во оваа проценка клучна улога има педагогот, кој, користејќи ги своите компетенции и знаења, проценува и оценува дали детето кое го проценува е подготвено да се вклучи во основното воспитание и образование и да се стекне со статус на ученик.

Холистичкиот развој на децата е од огромно значење за квалитетот на нивниот понатамошен живот, па затоа педагогот, како член на Стручната служба на училиштето е должен да ги процени и воочи нивоата на развиеност на јазичните вештини, развиеноста на моторичките вештини и развиеноста на социоемоционалните вештини.

# I ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО



## 1. Значењето на проблемот

Педагошката проценка на развојот на децата за запишување во основно воспитание и образование е од есенцијално значење, како за педагогијата како наука, така и за понатамошниот сестран развој на децата. Педагошката наука денес има многу подлабока и поширока суштина од онаа претходната, која претставувала само водење на детето. Сега нејзината длабочина и ширина соодветствува со ширината и длабочината на воспитанието во целина. Педагогот не претставува ниту само теоретичар, ниту само практичар, тој е активен учесник во менувањето и приспособувањето на појавите и процесите во воспитанието.

Училишниот педагог ја реализира својата функција во соработка со три клучни групи на субјекти, а тие се: наставниците, учениците и родителите. Кога станува збор за советодавната работа на педагогот, во поглед на соработката со учениците, таа опфаќа следење на нивниот развој, обемот на дотогашните стекнати знаења, како и степенот на развиените способности. Доколку соработката со учениците се анализира пошироко, може да се согледа дека таа опфаќа многу аспекти во поглед на учениците како активни субјекти во наставниот процес, меѓу кои: испитување на зрелоста на децата за предвремено поаѓање на училиште, испитување на ученикот при упис во прво одделение, структурирање на одделението (прво одделение), собирање податоци за учениците итн.

Педагогот треба да ги покаже своите компетенции и да процени дали детето кое било на тестирање е подготвено да започне со основно воспитание и образование и да се стекне со статус на ученик. Сестраниот развој на децата е од огромно значење за квалитетот на нивниот понатамошен живот. Токму поради претходно наведеното, педагогот како член на Стручната служба е должен да ги воочи нивоата на развиеност на јазичните вештини, развиеноста на моторичките вештини и развиеноста на социоемоционалните вештини (Prvite5.mk, 2015). Запишувањето на учениците во основните училишта е регулирано со Законот за основното образование. Во Законот за основното образование се пропишува дека „детето со поаѓањето во основно училиште стекнува статус на ученик“ (Министерство за образование и наука, 2011). Ученикот ја следи наставата и учествува во другите активности, утврдени со Наставниот план и програма за основно воспитание и образование.

## 2. Терминолошки определби и толкувања на основните поими

Клучните поими кои се сретнуваат во овој проблем на истражување се: деца, основно воспитание и образование, проценка, педагог.

**Терминот „деца“** во овој магистерски труд се споменува како статус за нив, пред да станат активни учесници во основното воспитание и образование и да се стекнат со статусот „ученик“, но овој термин има многу пошироко значење. Периодите низ кои поминуваат децата согласно нивната возраст, т.е. согласно развојот на личноста во периодот кој го поминуваат во рамки на задолжителното основно воспитание и образование, се следниве (Mischel, W., 1999 и Buss, D. M. и Greiling, H. 1999):

**Рано детство (1 – 6 години)** – овој период се карактеризира со брз развој. Најпрво, детето се развива во домот, а потоа, тоа може да оди во разни установи за деца. Главните проблеми со кои се сретнуваат родителите во овој период се: исхраната, спиењето, навикнувањето на детето да оди во тоалет, појавата на разни видови страв, односите со другарите, прозборувањето во развојот на говорот итн.

**Средно детство (6 – 10 години)** – во почетокот на средното детство, повеќето деца тргнуваат на училиште. Растењето се забавува. Сите делови на телото растат, ама порастот на единицата време е мала. Погрешно е да се претпостави дека пред крајот на овој период, нема сексуални чувства и интереси. Поголемиот број деца се известени за сексуалните односи. Во овој период детето ги губи млечните заби и добива трајни заби.

**Детство (10 – 13 години)** – во овој период децата се обично во петто или во шесто одделение, или се подготвуваат за во седмо одделение. Кај момчињата и девојчињата се јавуваат секундарните карактеристики. Настапува пубертетот со сите оние физички и психички особини кои го следат. Тука се менуваат и социјалните односи помеѓу момчињата и девојчињата.

**Рана младост (13 – 15 години)** – овој период се одликува со тоа што бројот на контактите со другарите и другарките се зголемува. Девојчињата и момчињата се способни да се дружат во заедница.

**Терминот „основно воспитание и образование“** се елаборира како задолжително воспитание и образование што се остварува во основните училишта во времетраење од девет

години, како дел од единствениот воспитно-образовен систем на Република Македонија. „Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди, и тоа: од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение“ (Биро за развој на образование, 2007: стр. 79). Поврзаноста меѓу трите воспитно-образовни периоди и напредувањето на учениците од првиот период, кога просечната возраст на учениците е од пет години и осум месеци, шест, седум и осум години; во вториот период од девет, десет и единаесет години и третиот период од дванаесет, тринаесет и четиринаесет години, се совпаѓа со развојните нивоа што се разработени со теориите за когнитивниот и социоемоционалниот развој на децата (Биро за развој на образование, 2007).

**Терминот „проценка“** претставува процес на приближување, „проценување“ на некоја вредност или систем од вредности кои може да се употребат за некоја цел, и покрај тоа што влезните податоци може да бидат нецелосни, несигурни или нестабилни. Вредноста, сепак, може да се употреби, бидејќи е изведена од најдобрите достапни информации. Вообичаено, проценката вклучува „користење на вредноста на статистиката добиена од примерокот за да се процени вредноста на соодветниот параметар на популацијата“. Примерокот дава информации кои можат да бидат проектирани преку разни формални или неформални процеси, за да се одреди опсегот, кој најверојатно ќе ги опише достапните информации (Lon Enloe, C. et al., 2000: стр. 47). Во овој труд терминот „проценка“ се однесува на педагошката проценка која се врши во основните училишта, со цел да се воочи дали децата се подготвени да се стекнат со статусот „ученик“, т.е. дали се подготвени за влез во основното воспитание и образование.

**Терминот „педагог“** – педагогот претставува активен учесник во менувањето и приспособувањето на појавите и процесите во воспитанието. Доколку соработката на педагогот со учениците се анализира пошироко, може да се согледа дека таа опфаќа многу аспекти во поглед на учениците како активни субјекти во наставниот процес, меѓу кои: испитување на зрелоста на децата за предвремено поаѓање на училиште, испитување на ученикот при упис во прво одделение, структурирање на одделението (прво одделение), собирање податоци за учениците итн. Јуриќ истакнува дека „основното поле на работа на училишниот педагог со учениците опфаќа: запознавање на положбата на децата во условите на нивниот развој; испитување на подготвеноста и зрелоста на децата за вклучување во

одредено програмско школување; следење на детскиот вкупен развој, посебно напредувањето во училишната работа и учењето, односно советодавна работа со учениците“ (Јуриќ, 1977).

## 3. Законски основи за процесот на запишување на децата во основно училиште

Процесот на запишување на децата во основно училиште се спроведува со следење на точно одредени законски основи кои се пропишани во Законот за основно образование. Во Законот за основно образование се пропишани законите, подзаконските акти и правилници кои ја третираат проблематиката на запишување на децата во прво одделение и тие треба да бидат компатибилни со педагошките барања. Најголем дел од овие закони, подзаконски акти и правилници се пропишани во четвртиот дел од Законот – IV. ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ под член 45, член 46, член 47, член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 (Министерство за образование и наука, 2015), кои се приложени на крајот од овој труд.

Овие членови ги содржат правата и обврските на сите странки кои учествуваат во процесот на запишувањето на децата во основно училиште.

## 4. Релевантните педагошки аспекти на процесот на запишување на децата во основно училиште

При процесот на запишување на децата во основно училиште има неколку клучни педагошки аспекти кои мораат да се земат предвид. Првично, педагогот како член на Стручната служба на училиштето има должност да ги познава развојните карактеристики на децата од пет и шестгодишна возраст за да може да утврди дали ги поседува детето кое го тестира. Подеднакво важни аспекти/домени, се: развиеноста на јазичните вештини, развиеноста на моторичките вештини и развиеноста на социоемоционалните вештини.

## 4.1. Развојните карактеристики на децата од пет и шестгодишна возраст

Иако секое дете како индивидуа се развива со свое темпо, стручните соработници треба да воочат дали ученикот кој го тестираат е на ниво, кое е карактеристично за неговата возрасна група. Развојните домени се дефинираат како „различни аспекти на развојот на детската личност, иако малите деца се развиваат холистички и посебните развојни домени се меѓусебно поврзани“ (Prvite5.mk, 2015). Со дефинирање на домените, укажуваме што сакаме да вреднуваме и какви сакаме да бидат нашите деца и нашата заедница. На возраст од пет и шестгодишна возраст, од децата се очекува да ги исполнат речиси сите критериуми кои се поставени за таа возрасна група, со цел да се вклучат во воспитно-образовниот процес во основното училиште.

### 4.1.1. Развиеност на јазичните вештини

Јазикот се развива веднаш по раѓањето. Тој е составен од четири дела (Prvite5.mk, 2015):

1. Слушање
2. Зборување
3. Читање
4. Пишување

Уште додека се бебиња, користејќи разни звуци и гласови, децата го коментираат светот кој ги опкружува и „разговараат“ со луѓето околу нив. Јазикот и говорот се развиваат со помош на неколку принципи кои важат за сите, но секое дете индивидуално и на свој начин ги развива своите јазични вештини. Пред да тргнат на училиште, децата го стекнуваат најголемото јазично искуство. Јазичната писменост има базично значење во однос на севкупното учење и напредување на учениците. Јазикот е составен дел на нашето секојдневие и тој го одразува она што го мислиме или го правиме. Педагогот при вршењето на проценката за подготвеноста на детето може да увиди колку е развиен секој дел од овој домен/аспект. Кај некои деца се развиени сите делови на високо ниво и почнуваат описменети во прво одделение, но кај поголемиот дел од децата описменувањето започнува во прво, т.е. во второ одделение.

### 4.1.2. Развиеност на моторичките вештини

Здравјето и добросостојбата на децата се клучни фактори во процесот на растењето и развојот, којшто се одвива во текот на раниот период од животот. Растот и развојот кај децата се паралелни и комплементарни процеси. Растот се однесува на зголемувањето на тежината и висината, како и на промената на големината на телото. Наспроти тоа, развојот се однесува на промените што настануваат во степенот на комплексноста во извршувањето на одредени функции и стекнувањето на одредени вештини, каде што постепено се оди од поедноставни до посложени промени во учењето и совладувањето нови вештини во движењето на телото, во одржувањето на рамнотежата, во воспоставувањето контрола на делови од телото, како и во зајакнувањето на сензомоторната координација.

Иако моделите на промените што настануваат во текот на растењето, во суштина се исти кај сите деца, степенот на промените покажува значајна индивидуална варијабилност (Landers, C. 1989).

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот „Физичко здравје и моторен развој", се:

– Физичка компетентност и добра физичка кондиција, која обезбедува висок степен на подготвеност за одење во училиште и активно учество во процесот на учење.

– Активно учество на децата во животната околина која ги опкружува.

– Способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

Начинот на кој децата ја развиваат својата способност да седат, одат или да ги користат сетилата, влијае врз тоа како го доживуваат просторот во кој се движат, како ја осознаваат околината или како ракуваат со моливот или со четката за цртање.

Моторниот развој кај децата се одвива врз основа на три принципи (Prvite5.mk, 2015):

– Цефалокаудален принцип – контролата врз мускулите започнува од горните кон долните делови на телото (бебето прво започнува да ги контролира мускулите кои ја одржуваат рамнотежата на главата, додека контролата на мускулите, кои учествуваат во одењето, се воспоставува најдоцна).

– Проксимодистален принцип – контролата врз мускулите започнува кај оние мускули кои се поблиску до централните порции на телото (контролата на мускулите кои го вртат вратот и главата се воспоставува порано, во однос на мускулите со кои детето фаќа и собира одредени предмети).

– Принцип на прогресивно усовршување на финиот и грубиот моторен развој, почнувајќи од поедноставни кон покомплексни движења.

Развојниот процес кај децата, во рамките на доменот „Физичко здравје и моторен развој", се одвива преку следните субдомени (Министерство за труд и социјална политика, 2014):

I. **СУБДОМЕН – Груб моторен развој** во кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежата и координацијата на делови од телото при одење, трчање, скокање, качување по скали. Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди:

Стандард 1: Детето може да ја одржува рамнотежата на телото.

Стандард 2: Детето може да ги контролира деловите од телото.

Стандард 3: Детето може да се движи координирано, со цел.

Стандард 4: Детето е свесно за своето тело во однос на постоење други подвижни и неподвижни објекти.

II. **СУБДОМЕН – Фин моторен развој** во кој децата постепено стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите во изведување попрецизни моторни активности (фаќање, пишување, закопчување, отворање, затворање, сечење). Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди:

Стандард 1: Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите.

Стандард 2: Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба.

III. **СУБДОМЕН – Здраво и безбедно однесување** со кое децата започнуваат да разбираат како дневните активности и безбедните практики влијаат врз целокупното здравје. Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди:

Стандард 1: Детето презема активности поврзани со личната нега и хигиена.

Стандард 2: Детето може да препознае штетни и опасни ситуации.

IV. **СУБДОМЕН – Сензомоторен развој** во кој децата го запознаваат светот околу себе, при што клучниот аспект овде е воспоставување координација очи – раце, преку следниот стандард:

Стандард 1: Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на движењето.

### 4.1.3. Развиеност на социоемоционалните вештини

Социјалниот и емоционалниот развој кај детето играат значајна улога воидното социјално функционирање како индивидуа. Социоемоционалните развојни етапи (Prvite5.mk, 2015), во текот на детскиот развој, потешко се идентификуваат во однос на етапите од физичкиот и моторниот развој. Знаците на одредени развојни етапи се потешко препознатливи и не се така јасно дефинирани, како во доменот на физичкото здравје и моторниот развој. Овој домен се однесува на стекнување и учење вештини кои ја зголемуваат самосвесноста и самоконтролата. Истражувањата укажуваат дека стекнатите социјални вештини и емоционалниот развој се важен дел од подготвеноста на детето за училиште. Карактеристиките на овој домен на развој укажуваат на тесна поврзаност помеѓу социјалната и емоционалната компонента. Двата субдомена се наоѓаат во комплементарен однос и тие меѓусебно се надополнуваат. Успешните социјални контакти кај детето овозможуваат развивање на позитивна слика за себе, но во исто време и развивање на емоционалните вештини за самоконтрола. Позитивните развојни компоненти на овој домен го карактеризираат детето со способност да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување позитивни односи со околината. Емоционалната компонента, во рамките на овој домен, го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот „Социоемоционален развој", се:

– Градење позитивна слика за себе.
– Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците.

- Способност за разбирање на сопствените емоции.
- Контрола на сопствените чувства.
- Позитивна емоционална состојба.
- Респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата.

Во рамките на доменот **социоемоционален развој,** се издвојуваат два субдомена со следните стандарди (Министерство за труд и социјална политика, 2014):

I. **СУБДОМЕН – Социјален развој** во кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите коишто го опкружуваат:

Стандард 1: Детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати возрасни лица.

Стандард 2: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со други деца.

Стандард 3: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасни.

Стандард 4: Детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето.

II. **СУБДОМЕН – Емоционален развој** во кој детето ја развива перцепцијата за себе и за своите емоции:

Стандард 1: Детето го развива поимот за себе.

Стандард 2: Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции.

Стандард 3: Детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите способности.

Стандард 4: Детето може да ги контролира сопствените чувства.

## 4.2. Предучилишното воспитание и образование како предуслов за зајакнување на образовниот статус на децата во годината пред запишување во основно училиште

Предучилишното воспитание и образование, всушност претставува прв потсистем на целокупниот образовен процес кој ги поставува темелите на квалитетното воспитание и образование кај децата. Токму затоа, Бирото за развој на образованието пред повеќе години имаше иницијатива градинките да станат дел од задолжителното воспитание и образование,

особено за децата на петгодишна возраст. Оваа иницијатива сѐ уште ја нема достигнато својата реализација, затоа што Република Македонија нема просторни капацитети за неа. Градинката како воспитно-образовна институција е токму таа која им ги поставува основите на децата за натамошното воспитание и образование. Од Бирото за развој на образованието сметаат дека овој период има големо влијание врз успехот во училишното воспитание и образование и, во извесна мера, на подоцнежниот успех во животот.

Претставниците на Бирото за развој на образованието цврсто стојат на ставот дека доколку предучилишното воспитание и образование стане дел од задолжителниот воспитно-образовен систем, ќе има поефикасен премин на децата од предучилишното кон основното воспитание и образование и нивно полесно адаптирање кон животот и работата во основното училиште.

## 5. Функцијата на педагогот при запишувањето на децата во училиште

Секое дете претставува индивидуа која се развива со свое темпо. Иако повеќето од децата се развиваат на премногу сличен начин и ги поминуваат истите фази во приближно ист период од животот, постојат одредени стандарди (Министерство за труд и социјална политика, 2013), кои децата треба да ги исполнуваат на одредена возраст. Ставајќи ги во функција своите стручни компетенции, стручниот соработник треба да утврди дали детето кое го тестира ги поседува потребните развојни карактеристики. Педагогот како активен учесник во приспособувањето и менувањето на процесите и појавите во воспитно-образовниот процес, покрај тоа што ја врши проценката на развојното ниво на децата при запишувањето во основно училиште, задолжен е и континуирано да го следи развојот на секое дете, стекнатите знаења и степенот на развиени способности.

### 5.1. Техники и инструменти за проценка на развојниот статус на децата

Од Бирото за развој на образованието е издаден Прирачник со правила и прописи, според кои наставниците треба да ја вршат проценката за развојот на децата при запишувањето во основното училиште. Сепак, следејќи ги правилата, секој педагог сам ги изготвува своите

инструменти и користи техники кои смета дека се соодветни за детето/децата со кое/кои ја врши проценката. Пропишаните правила за спроведувањето на тестирањето мораат да се спроведат, но педагозите имаат слобода, доколку сакаат, да го прошират тестирањето, т.е. да опфатат повеќе аспекти од оние кои се пропишани во Прирачникот.

## 5.2. Протокол при запишувањето на децата во основно училиште

Најпрво се објавува оглас во градинките; секоја од нив огласот за запишување на децата во основното училиште (Министерство за образование и наука, 2015) го објавува на својата официјална веб-страница, во весник итн. Секое училиште добива листа на деца кои се жители во општината во која се наоѓа училиштето и тие деца мора да бидат примени во основното училиште. Следниот чекор е, всушност, доставувањето на потребните документи од родителите, а тие се следните:

- Потврда за примените задолжителни вакцини за детето, издадена од надлежна здравствена установа.
- Фотокопија од извод на матична книга на родените (за идентификација на ученикот, која му се враќа на родителот/старателот).
- Потврда од систематски преглед на оралната празнина од стоматолог, издадена од стоматолошката амбуланта која работи во рамките на училиштето.

- Родителите се обврзани да ги достават потребните документи за запишување на децата во прво одделение на денот на уписот.

Врз основа на **член 46** од Законот за основно образование (Министерство за образование и наука, 2015):

Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година (2017/2018).

При запишувањето на детето во прво одделение, родителот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, издадена од надлежна здравствена установа.

Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

**Член 47**

Во прво одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни 6 години.

По исклучок од ставот (1) на овој член, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни 6 години до 31 јануари наредната година, по претходно барање од родителот и добиено мислење од педагогот или од психологот во училиштето.

Запишувањето на детето, на барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

## 5.3. Методолошко-педагошките основи на процесот на проценувањето на образовниот развој на децата

Педагозите со помош на голем број техники и инструменти ја вршат проценката на образовниот развој на децата. Истражувањето имаше за цел да ги испита педагошко-методолошките основи на проценката на развојот на децата за запишување во основно училиште во Република Македонија.

## 5.4. Насоки за запишување на првачињата во учебната 2007/2008 година

Во 2007 година од Комисијата во Бирото за развој на образование на секој педагог во Република Македонија му биле посочени и доставени насоки за запишување на првачињата во учебната 2007/2008 година. Од 2007 година до денес се користат истите насоки, но педагозите имаат слобода да додадат нешто свое, т.е. насоките да ги спроведат на свој начин.

Насоки за запишување на првачињата во учебната 2007/2008 година (Биро за развој на образование, 2007):

Во наредната учебна година (2007/2008) во прво одделение ќе се запишуваат ученици, кои до крајот на календарската година ќе наполнат седум години (во прво одделение со иновирани наставни програми за осумгодишно основно воспитание и образование), како и

ученици, кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години (во прво одделение со нови наставни програми за деветгодишно основно воспитание и образование).

Имајќи предвид дека во изминативе дваесетина години во училиштата се тестираа идните првачиња со застарен и надминат педагошки тест, резултатите ретко се користеа за распоредување на учениците по паралелки, а самиот начин на тестирање децата често го доживуваа како непријатност. Поради тоа се залагаме за поинаков начин на запишување на првачињата.

Учениците, кои во оваа учебна година се во задолжителна подготвителна година, во текот на целата учебна година се набљудувани од нивните воспитувачи, а тие, своите согледувања за развојот и напредувањето на секој од учениците ги бележат во Досието на ученикот (со заокружување на индикаторите и запишување на постигнувањата кои се карактеристични само за тој ученик). Кон крајот на учебната година воспитувачот треба во „џебот" на Досието да ги приложи материјалните докази за развојот и постигнувањата на ученикот (на пр. цртежи, искази, сликовници направени од ученикот, опсервациски листи од истражувачки активности и сл.) и да ги информира родителите за напредувањето на нивното дете, користејќи ги притоа материјалните докази од почетокот на учебната година и споредувајќи ги со материјалните докази и согледувањата на крајот на учебната година. Со запишувањето на ученикот во прво одделение, воспитувачот, заедно со материјалните докази, го предава пополнетото Досие (што тој, секако, е должен да го направи согласно законската регулатива за описно оценување на учениците) на Стручната служба и на одделенскиот наставник, кому тоа ќе му помогне да ја согледа иницијалната состојба на секого од нив. Оттука, беспредметно е да се врши тестирање на децата, кои во новата учебна година ќе се вклучат во прво одделение во осумгодишното основно воспитание и образование. Доволно е запознавање на идното прваче со членовите на Стручната служба на училиштето и со некои простории во самото училиште (доколку детето подготвителната година ја следело во простории на детска градинка).

Во прво одделение во деветгодишното основно воспитание и образование ќе се запишуваат ученици, кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години. При уписот во прво одделение во училиштето треба да дојдат родителот (или двајцата родители) и детето, носејќи ги потребните документи за упис. Училиштето треба однапред да определи и обезбеди посебна просторија во која ќе се врши набљудувањето и разговорот со детето, а во

која е добро да има неколку сликовници, играчки, листови хартија со дрвени бои и друг дидактички материјал од просторијата за подготвителна година (која и може да се користи за таа цел, доколку е слободна). На денот на уписот Стручната служба треба да добие основни податоци за детето и родителите, така што на родителите ќе им биде даден формулар (понуден во прилог на овој материјал) да го пополнат, или ќе го пополни некој од Стручната служба, доколку родителот е неписмен. Претставниците на Стручната служба, еден од воспитувачите од подготвителната година или одделенскиот наставник и групата, која се состои од три до пет деца, заедно со нивните родители, се упатуваат во однапред определената просторија за запишување. Комисијата од училиштето ги набљудува децата, води разговор со нив, а своите забелешки ги запишува. Притоа, посебно внимание обрнува на следново: на пример, како детето се однесува во новата средина (дали се шета низ просторијата и слободно оди кај играчките, дали веднаш оди кај родителот); како се однесува кон другите деца (им приоѓа, разговара со нив, им ги зема играчките, им подава играчки и сл.); како се однесува кон родителите (постојано е со нив, ги прашува, бара поддршка од нив, ги игнорира и сл.); како се однесува кон непознати лица, во случајов тоа се членовите на Комисијата (не одговара на прашањата, комуницира слободно и сл.); како се однесуваат родителите кон детето (му сугерираат одговори, постојано потскокнуваат на неговото однесување, само визуелно го следат и сл.). Членовите на Комисијата (секој од нив одделно), разговараат со децата за да добијат определени информации од секое дете посебно, а особено за да согледаат каков е говорот на детето (дали правилно ги изговара сите гласови, дали пелтечи, дали правилно ја склопува реченицата, дали одговара со повеќе зборови или само со „да“ и/или „не“ и сл. Разговорот со детето може да го водат на различни теми: што најмногу го интересира, кои играчки му се омилени, омилени игри, со кого најмногу се дружи и игра, што најмногу сака да гледа на телевизија, што прави во текот на денот, каде му живеат бабата и дедото, каде сака да оди на прошетка, дали патувало во друго место и со што и др. Набљудувањето и разговорите треба да траат најмногу до 30 минути.

По завршените разговори и набљудувањето на децата, членовите на Комисијата од училиштето меѓусебно ги изнесуваат своите мислења, забелешки и предлози, а доколку имаат заедничко мислење за одреден проблем, се договараат еден од нив да поразговара со родителите и да им даде конкретни насоки за подобрување на состојбата (на пр. во текот на летниот период детето да го однесат на логопед поради оштетени гласови и сл.). Воочените

карактеристики во однесувањето на детето ќе ги пренесат на наставникот по предучилишно воспитание или на одделенскиот наставник во чија паралелка ќе биде ученикот, за да ја следи таа појава на почетокот на годината.

Откако ќе бидат запишани сите ученици, тие се групираат во различни одделенија, а воспитно-образовната работа ќе се изведува во простории со опрема која е соодветна за развојните можности на учениците. Доколку во училиштето нема доволно простор за опфаќање на сите ученици, директорот ќе обезбеди нивно вклучување во просториите на најблиската јавна градинка, во соработка со релевантните претставници од локалната самоуправа.

# 6. Релевантна документација која се користи во другите земји при запишување на децата во прво одделение

Во овој труд се претставени начините на кои Република Србија и Република Хрватска ја спроведуваат проценката, т.е. каква документација тие користат, бидејќи на ниво на Република Македонија, истражување од овој тип досега не е спроведено (или не постојат такви записи).

## 6.1. Релевантна документација која се користи во Република Србија

Запишување во основно училиште 2017/2018 – Република Србија (edukacija.rs, 2016):

**Образовни установи и програми**

Постојат неколку видови установи, чија основна дејност се основното образование и воспитание. Тие се:

- Основно училиште
- Основно училиште за образование на возрасни
- Основно музичко училиште
- Основно балетско училиште
- Основно училиште за ученици со пречки во развојот

### 6.1.1. Упис во основно училиште

Родителите се должни да ги запишат своите деца во основно училиште, ако имаат најмалку шест и пол години и најмногу седум и пол години во почетокот на учебната година.

**Кое училиште се запишува?**

Изборот на училиштето се врши во зависност од територијата, која е опфатена со училишната област. Секое основно училиште е должно да ги запише сите идни првачиња од доделената област. Постои можност училиштето да ги запише и учениците од некои други училишни области, но само со барање од родителите, и доколку тоа го дозволува капацитетот на училиштето.

Рокот за пријавување за запишување на детето истекува на 1 февруари од календарската година во избраното училиште, така што детето ќе го посетува првото одделение од 1 септември.

**Кога се врши уписот на децата во основно училиште?**

Точниот датум на запишување на првачињата не е одреден со ниту еден пропис или закон, но периодот од 1 април до крајот на мај е наменет за запишување на идните првачиња во основните училишта.

**Систематски преглед**

Систематскиот преглед на децата пред запишувањето во прво одделение во основното училиште се врши кај педијатар, кој врз основа на прегледите од други специјалисти, го утврдува здравствениот статус на детето. По испитувањето, педијатарот издава потврда која се приложува при уписот на детето во основното училиште. Зрелоста на детето за поаѓање во основното училиште ја испитува училиштен психолог.

**Документи за запишување во основно училиште**

Документи потребни за запишување во основно училиште:

- Извод од матичната книга на родени
- Уверение за посета на предучилишна програма
- Доказ за лекарски преглед

– Доказ за живеалиштето на родителите

Исклучок се прави за учениците од ранливите социјални групи кои имаат можност да се запишат без доказ за местото на живеење на родителите и потребната документација.

## 6.1.2. Тестови за тестирање на идните првачиња

Тестирањето, кое се спроведува на мајчиниот јазик на секое идно прваче, го извршуваат психологот и педагогот на училиштето. При тестирањето на децата се применуваат стандардни постапки и инструменти кои се препорачани од овластена професионална организација.
Ако училишниот педагог или психолог не е во можност да тестира дете на неговиот мајчин јазик, во такви случаи се ангажира преведувач по предлог на Советот за национално малцинство, чиј јазик го зборува детето.

**Рано запишување на децата во прво одделение**

Децата на возраст од шест до шест и пол години можат да се запишат во прво одделение, но само откако ќе ја проверат подготвеноста за одење во основно училиште, која ја проверува училишниот психолог. За време на тестирањето се применуваат инструменти и постапки препорачани од надлежните професионални организации.

Врз основа на извршеното тестирање, училишниот психолог препорачува:

Запишување на детето во прво одделение, или одложување на запишувањето за една година и посетување на предучилишната програма.

Доколку родителот, поради која било причина, се сомнева во Одлуката за одложување на запишувањето, може да поднесе барање за повторно испитување на Училишната комисија. Училишната комисија се состои од: педагог, психолог, наставник и педијатар. По преиспитувањето на подготвеноста за запишување, Комисијата одлучува запишување на детето во прво одделение или одложување на запишувањето за една година и посетување на предучилишна програма.

**Подоцнежно запишување на децата во прво одделение**

Доколку детето не е запишано во прво одделение поради здравствени проблеми или некоја друга причина, а е постаро од седум и пол години, може да се запише во прво или во соодветното одделение по проверка на знаењето.

### 6.1.3. Запишување на посебни групи ученици

**Запишување во основно воспитание и образование на учениците со пречки во развојот**

Основните училишта за воспитание и образование на ученици со пречки во развојот, запишуваат ученици врз основа на мислењето на Меѓусекторската комисија која е задолжена за проценка на потребите за давање каква било дополнителна образовна, здравствена или социјална поддршка со согласност на родителите.

**Запишување во основното музичко и балетско училиште**

За да се запишат во прво одделение во музичкото или во балетското училиште, учениците мораат да положат приемен испит во согласност со прописите и законите на Република Србија.

**Запишување во основно училиште за странски државјани и за деца без државјанство**

Децата кои имаат државјанство од друга држава можат да се запишат во основно училиште под исти услови како и државјаните на Република Србија. Странските државјани, лицата без државјанство, прогонети или иселени лица – кои не го знаат јазикот на кој се реализира наставата во училиштата, добиваат можност од училиштето да го научат јазикот или да се подготват за настава и дополнителна настава, со цел да успеат да го продолжат своето воспитание и образование.

Доколку ученикот е државјанин на некоја европска земја, а привремено престојува во Република Србија, има право да посетува настава на мајчин јазик, да добие бесплатно школување под услов на реципроцитет, или „на грб“ на родителите.

**Индивидуален образовен план и поддршка во образованието и воспитанието**

Откако детето ќе се запише во прво одделение во основното училиште, училиштето може да утврди дека постои потреба за донесување на индивидуален образовен план (ИОП), или за дополнителна поддршка во текот на воспитанието и образованието на детето. Дополнителната поддршка може да бара дополнителни финансиски средства – што може да биде причина за започнување постапка низ процедура со упатување писмено барање избрано од лекарот на детето, кој одредува дали потребата за дополнителна поддршка е реална, за што всушност одлучува Меѓусекторската комисија.

### 6.1.4. Мониторинг на запишувањето во основните училишта

Секоја година Единицата на локалната самоуправа води евиденција за бројот на деца кои се на возраст за запишување во основно училиште и врз основа на тоа ги известува родителите, т.е. старателите и училиштето. За родителите, т.е. старателите, чии деца нема да се запишат навреме на училиште, а за тоа немаат оправдани причини, следува казна од 5.000 до 25.000 динари.

**Потребна документација при запишување на децата во прво одделение**

- Извод од матична книга на родени
- Уверение за посета на предучилишната програма
- Доказ за лекарски преглед на детето
- Доказ за живеалиштето на родителите

**Извод од матична книга на родени (крштеница)** – важи неограничено. Изводот може да се добие во Месната заедница/Општината, на чија територија се наоѓа живеалиштето на родителите на детето, а во некои општини постои можност изводот да се нарача по телефон или преку интернет-страница. При вадењето на изводот од матичната книга на родени, родителите треба да ја понесат својата лична карта како документ за идентификација. За запишување на детето во училиште, вадењето на изводот не се наплаќа.

**Уверение за посета на предучилишната програма** – го издава предучилишната установа која ја посетувало детето.

**Доказ за лекарски преглед на детето** – се издава од педијатар по завршениот севкупен лекарски преглед.

**Доказ за живеалиштето на родителите** – се издава од полициската станица во местото или во општината на живеење. Потребна е лична карта на увид. Барањето се поднесува во облик на образец на кој се впишуваат личните податоци. Образецот се добива од службеник кој е вработен во полициската станица.

Покрај лекарскиот преглед, детето мора да помине и тестирање кое го спроведува училишниот психолог, а има за цел да ја процени зрелоста за поаѓање во прво одделение во основното училиште.

**Систематски преглед за запишување во основно училиште**

Дел од подготовката за запишување во основно училиште претставува и систематскиот преглед. Целта на систематскиот преглед е да се изврши проценка на здравствената состојба на детето и неговата зрелост за запишување во прво одделение во основното училиште. Овој систематски преглед се состои од следниве прегледи:

- Оториноларинголог
- Офталмолог
- Општ лекар
- Логопед
- Стоматолог
- Лабораториска анализа на крв и урина
- Проверка на вакциналниот статус и вакцинации

**Лекарскиот преглед на децата**

Систематскиот преглед почнува кај избраниот педијатар, од кого се добиваат упати за лабораториски анализи, како и упати за прегледи кај специјалисти: офталмолошки преглед, оториноларинголошки преглед, физиолошки преглед, стоматолошки преглед и преглед кај логопед. Во зависност од Домот за здравје, прегледите од специјалистите се закажуваат, односно не се закажуваат. По добиените резултати од сите лекари-специјалисти, завршниот дел од систематскиот преглед се одвива кај избраниот педијатар, по што детето добива вакцина.

По завршениот систематски преглед, педијатарот дава потврда која се приложува заедно со останатата документација, при запишувањето во основното училиште. Здравствената состојба на детето ја одредуваат лекарите во Здравствениот дом, додека пак зрелоста на детето

за запишување во прво одделение во основното училиште ја проценува училишниот психолог, од кого проценката е, исто така, задолжителна.

Лабораториски анализи

Во лабораториските анализи се вклучени крвната слика и примерок од урината. Крвта се вади од прст, а примерокот од првата утринска урина се носи оддома. Анализите ги прегледува надлежниот лекар.

Вакцинација на децата

На систематскиот преглед потребно е да се понесе и вакциналниот картон кој се добива во надлежната здравствена установа при првата вакцинација, а претставува официјален медицински документ.

Вакцинирањето пред запишувањето во основно училиште се состои од три вакцини. Тие можат да се примат во ист ден, а доколку е активирана, – едната од нив, вакцината против детска парализа, може да се прими орално, како вакцина која се пие. Доколку оваа вакцина е неактивирана, тогаш е потребно да се одвојат, затоа што трите се ставаат во надлактицата. По примањето на две вакцини, потребно е да се почека минимум две недели за да се прими уште една.

Тестирањето на децата за запишување во прво одделение е дел од процедурата која се одвива при запишувањето во основно училиште. Тоа се состои од разговор со училишниот психолог или педагог кој има за задача да ја процени зрелоста на детето, т.е. да воочи дали детето е спремно да тргне на училиште или не.

### 6.1.5. Тестови за запишување во прво одделение

Прашањата кои се наоѓаат на тестирањето се тајни и за нив знае само стручниот соработник во училиштето кој го врши тестирањето, т.е. разговара со децата. Психологот/педагогот може сам да процени кои прашања ќе му ги поставува на детето и на кој начин ќе ја проверува зрелоста на детето.

Тестирање на првачињата за запишување во основно училиште

За да проценат дали детето е подготвено за поаѓање на училиште, психолозите/педагозите спроведуваат тестирање на кое се испитуваат:

**1. Емотивната зрелост на детето**

Колку е детето самостојно, т.е. колку е подготвено да биде одвоено од семејството со цел да ја посетува наставата.

Емотивната зрелост кај детето најчесто се поистоветува со тоа колку е возрасно и колку е подготвено да има обврски. На тоа влијае воспитанието, а најмногу периодот од една година пред запишувањето во основното училиште, кога родителите можат постепено да ги воведуваат своите деца во „светот на возрасните и одговорни луѓе", со тоа што ќе им даваат помали обврски, како што се местење на сопствениот кревет, самостојно облекување и обување чевли и сл.

**2. Социјалната зрелост на детето**

Колку е детето подготвено на одредени начини на однесување кои се подразбираат во училиштето.

Многу е важно да се процени дали детето е подготвено да стапи во контакт со непознати луѓе и со нив да поминува одредено време. Покрај тоа, важно е да се предвиди дали детето е способно да побудува познанства и да стекнува пријателства со своите врсници, но и да може да биде доброволно дисциплинирано за време на траењето на наставата или дали може да изгледа претстава или филм до крајот. Исто така, социјалната зрелост на детето е дел од воспитувањето, па е многу важно детето да има усвоено навика културно да се обраќа, да кажува „повели/повелете", „благодарам", „молам" и сл.

**3. Когнитивната, т.е. интелектуалната зрелост на детето**

Дали е детето во можност да стекне нови знаења и на кој начин.

Кога децата се на возраст кога би требало да тргнат на училиште, тие мораат да достигнат одредено интелектуално ниво. Тоа не значи дека би требало веќе „сè" да знаат, но важно е да се процени на кој начин ја забележуваат околината, како зборуваат, дали имаат развиена фантазија, што ги интересира и на кој начин размислуваат, т.е. дали имаат способност за логичко размислување.

Когнитивната зрелост на детето може да се провери низ игра, така што педагогот/психологот ќе ја започне играта со, на пример, прашањето: „што е поголемо, а што помало?“, на кое детето има задача да каже што од понудените предмети е поголемо, а што помало и сл.

## 6.2. Релевантна документација која се користи во Република Хрватска

Слика 6.1. Насловна страница на Прирачник за запишување на децата во прво одделение (Извор: Agencija za odgoj i obrazovanja – Јадранка Оштарчевиќ и други, Загреб, 2008)



# Вовед

Уписот на деца во прво одделение е дел од воспитно-образовните активности на стручните соработници во основното училиште.

Досегашното искуство покажува разновидност во содржината на внесениот_материјал, организацијата и спроведувањето на уписот.

Со желба да се координираат активностите за упис (утврдување на психофизичката состојба на детето, изработка на внесениот материјал, формирање одделенија на ученици итн.), стручните соработници-педагози инициираа постапка за стандардизација на постапките за упис на деца во прво одделение.

Овој Прирачник е изработен со цел да им биде директна помош на сите оние кои се соочуваат со оваа проблематика, да понуди решенија кои можат да бидат појдовна точка, да се надополнуваат и креативно да се доработуваат.

Стручните соработници-педагози спомнати како автори ги разработија теоретските основи, додека пак во прашалникот за проценка на зрелоста за упис во прво одделение, покрај наведените автори во изработката на овој прашалник, учествуваа уште 277 стручни соработници од областа на девет општини (листа во прилог).

Целта на разработката на овој прашалник за евалуација на зрелоста за упис во прво одделение е да се утврдат психофизичките способности на детето пред да тргне на училиште, односно, да се процени неговата зрелост за поаѓање во училиштето и неговите можности за понатамошни достигнувања. Прашалникот треба селективно да се применува и да се проучува неговата примена и ефективност.

Добиените резултати треба да се прифатат како индикатори на состојбата, а во донесувањето на конечната оценка, секако дека е неопходна соработка од сите стручни соработници (педагози, психолози и дефектолози, наставници и лекари кои учествувале во работата на Комисијата), при што податоците ќе се користат како појдовна точка за заедничко определување на најефикасните методи за работа кои најдобро ќе одговараат за секое дете.

Со запишувањето во училиште, растот и развојот на секое дете станува заедничка грижа на училиштето и родителскиот дом.

Оттаму, првиот состанок со училиштето треба да биде добро осмислен за детето и родителите да се чувствуваат прифатени, со цел да се создадат најдобри предуслови за постигнување на заедничката цел: среќно дете и добар ученик.

### 6.2.1. Правилник за упис на децата во основно воспитание и образование

(Народни новини 13/91/Narodne novine, 13/91)

Со овој Правилник се уредуваат постапките за утврдување на психофизичката состојба на децата пред уписот во основното училиште, причините поради кои може да се одложи уписот во таа година и постапката за утврдување на соодветното воспитување и образование на децата со пречки во развојот.

**Правилник за воспитание и образование во основните училишта за учениците со пречки во развојот.**

(Народни новини 59/90/ Narodne novine, 59/90)

Овој Правилник ги уредува формите на интеграција на учениците со пречки во развојот во основните училишта, критериумите според кои органот на општинската управа е надлежен за работите од областа на воспитанието и образованието, односно органот на управа надлежен за градот Загреб ги утврдува училиштата, условите и начинот на основање на воспитно-образовните групи и одделенија во кои ќе бидат интегрирани учениците со пречки во развојот, и воспитание и образование на учениците со пречки во развојот во посебни училишта, организации за социјална заштита или во други организации. Ориентацискиот список на видови и степени на пречки во развојот е составен дел од Правилникот.

### 6.2.2. Зрелост на детето за упис во училиште

Тргнувањето на училиште претставува еден од најважните моменти во животот на детето, а и на неговите родители. Со самото влегување во училиштето, детето станува дел од организирана и структурирана средина, се изложува на системот на вреднување и

натпреварување, со можност да доживее неуспех и критика. Во училиштето за првпат се сретнува со обврски, со чувството на одговорност и со нова организација на животот.

Првите училишни денови можат да бидат возбудливи, но исто така и придружени со страв и непријатност. Повеќето од децата овој нов период од животот го прифаќаат сосема природно и мирно, но, овој период може да биде и доста тежок период, особено за оние деца кои пред тргнувањето на училиште не посетувале градинки и кои имаат страв од ново и непознато.

Често, ваквото чувство на непријатност и страв се појавува и кај родителите кои се загрижени дали нивното дете ќе се приспособи на барањата на училиштето, дали тоа ќе биде успешно и дали ќе најде пријатели. Оваа заемна загриженост влијае на чувството на задоволство, на мотивацијата за учење и на целокупниот став кон училиштето.

Поради овие факти, многу е важно пред поаѓањето на училиште на соодветен начин да се процени зрелоста на детето за тргнување во училиште, а истовремено да се откријат и евентуални потешкотии кои понатаму низ школувањето можат да се продлабочат, па оттаму, ако е потребно, да се отстранат со навремени и соодветни постапки.

Дефинирањето на зрелоста и подготвеноста на детето за тргнување во училиште е навистина сложено. Зрелоста за тргнување во училиште претставува оптимално ниво на развој на физичките и менталните функции на детето кои ќе му овозможат оптимално совладување на Наставниот план и програма. Зрелоста зависи од биолошкиот развој, но и од тоа колку опкружувањето му овозможила на детето да ги совлада потребните искуства. Со овој термин ја опфаќаме физичката, интелектуалната, емоционалната и социјалната зрелост (Прилог бр. 2 и Прилог бр. 3).

## Физичка зрелост

Физичката зрелост е мерка за здравјето на детето и е услов за нормален психички и социјален развој. Физичката зрелост мора да достигне одреден степен за детето да може да го поднесе тешкиот училиштен ритам. Мерењето на висината, тежината, одредувањето на индексот на телесната маса, појавата на трајни заби, мускулна сила итн. е навистина важно со оглед на секојдневниот училиштен живот, односно: пешачењето оддома до училиште, носењето училиштен ранец, долготрајното седење во училишна клупа... се работи на кои детето дотогаш се нема навикнато.

За успех на училиште потребна е добра развиеност на сетилните органи, особено видот и слухот кои се утврдуваат на систематски преглед. Детето мора добро да гледа и да слуша за да го запознае светот околу себе. Исто така, нивото на развој на нервниот систем мора да постигне одредена зрелост. Физичката зрелост за на училиште подразбира просечна висина од околу 120 см за момчиња и 117 см за девојчиња и тежина од околу 20 кг. Нормалниот телесен развој му овозможува на детето полесно да го фати ритамот и темпото на училишната работа за полесно да ги совлада големиот број физички и психички напори кои го чекаат на училиште, но е и многу важен за општиот развој на неговата личност. Физичката зрелост ја одредува доктор за време на прегледот.

## Интелектуална зрелост

Прашањето за интелектуалната зрелост на детето кое тргнува на училиште е значајно, бидејќи основните задачи кои детето ќе ги совладува во училиштето се од интелектуална природа. Интелектуалната зрелост на детето го подразбира добро развиениот говор, кој претставува основа за развивање на детското мислење и еден од суштествените услови на човечка комуникација, пренесување искуство и учење. Детето, пред да тргне на училиште, мора да биде способно да ги изрази своите мисли и потреби и да го разбира говорот на другите. На оваа возраст детето зборува течно и коректно, може да ги распознава гласовите во зборот, односно да ги синтетизира во збор, да го препознава гласот со кој започнува зборот, може да го чуе зборот како целина и да го разликува од другите. Детето на оваа возраст знае околу 3 000 зборови, но во текот на еден ден може да користи само стотина.

Развиеноста на вниманието во предучилишна возраст во голема мера е ненамерна. Со тргнувањето во прво одделение, поради организацијата на наставата и изложеноста на голем број информации, детето мора да има намерно внимание и можност за концентрација. Намерното внимание кај децата кои тргнуваат во прво одделение не е големо; тоа трае околу 10 – 15 минути, но брзо ќе се зголемува со систематската работа. Распределувањето и пренесувањето на вниманието се важни карактеристики на вниманието, потребни за следење на училишната работа. Доброто внимание на детето го олеснува учењето, памтењето и подоброто спознавање. Меѓу децата постојат големи разлики во опсегот на вниманието, неговата трајност и концентрација.

Од детето кое тргнува на училиште се очекува и развиеност на меморијата, која зависи од детскиот интерес, активниот став и воочување на логичките врски.

Концептуалното или логичното мислење, односно способноста за примање на односот меѓу предметите и појавите кои децата ги забележуваат, но и предвидувањето на тие односи без претходно стекнато искуство, почнува да се развива пред крајот на претшколскиот период. Во почетокот од поаѓањето во основното училиште децата почнуваат да ги градат главните мисловни операции кои ги користиме при формирањето на поимите, апстракцијата и генерализацијата. Со поаѓањето на училиште нагло ќе расте способноста на детето да размислува за поопшти и апстрактни работи.

Интелигенцијата го вклучува: „богатството на јазичното изразување (лингвистичка интелигенција), ефективното користење на броевите и леснотијата во идентификувањето на логичката структура и односот на причинско-последичните врски (логичко-математичка интелигенција), точното набљудување и снаоѓање во просторот, способноста за просторно обликување и способноста за визуелизација (просторна (*спацијална) интелигенција), способноста да се користи целото тело во изразувањето на мислите и чувствата (телесно-кинетичка интелигенција), чувството за музика, ритам, динамика, мелодија, боја на глас или инструмент (музичка интелигенција), воочувањето и разликувањето на расположението, намерите, мотивацијата и чувствата на другите луѓе (интерперсонална интелигенција), спознавањето на самиот себе и можноста за дејствување во согласност со тоа (интраперсонална интелигенција)“ (Gardner, H., 1999 стр. 6). Во почетокот на школувањето, детето ќе мора да ги совлада графомоторните вештини кои имаат значајно влијание врз совладувањето на вештините за читање и пишување кои се основни вештини за понатамошно воспитание и образование.

## Емоционална зрелост

Детето, пред да тргне на училиште, во својот развој треба да постигне одредено ниво на емоционална стабилност и самоконтрола. Кај децата кои тргнуваат на училиште, забележлив е почетокот на самоконтролата која го олеснува учењето, но и подоброто снаоѓање во социјалните контакти. Детето на оваа возраст отворено ги изразува емоциите, но се обидува да ги контролира, да покажува страв и да се бори за своите права.

Емоциите и чувствата се важни за општествениот живот на детето. На училиште, детето е подложено на системот на вреднување и оценување, на пофалби и критики, и ќе мора на одреден начин прифатливо да реагира. Пред да тргне на училиште, важно е детето да има одредено ниво на толеранција за фрустрација, што ќе му овозможи да истрае во учењето и тогаш кога нема да му биде удобно и интересно, да го прифати успехот, но и неуспехот, и да знае како да се справи со чувствата кои произлегуваат од нив. На оваа возраст, кај децата генерално преовладува оптимистичко и пријатно расположение.

## Социјална зрелост

Оваа компонента на зрелоста на детето е поврзана со емоционалната зрелост на детето. Таа е важна за секое дете, бидејќи со влегувањето во училишниот систем, социјалната и емоционалната зрелост стануваат важни норми во однесувањето кон групата врсници во одделението. Со тргнувањето на училиште, детето прави голем исчекор во развојот на општествените односи, односно излегува од познатата семејна ситуација, каде што било заштитено и често со привилегирана позиција. Во исто време, влегува во нова и често непредвидлива социјална ситуација во која мора да се избори за својата позиција. Врсниците стануваат критериум за споредба, тие јасно го оценуваат детето со посочување дали го прифаќаат или пак не. Сите овие социјални моменти се елементи во градењето на сопствената слика за себе и за развојот на самодовербата.

Социјалната зрелост истовремено претставува приспособување на друштвените обврски, усвојување на моралните стандарди и системот на вредности и однесување во средината. Таа ги вклучува вештините за комуникација и соработката со врсниците, но и прифаќањето авторитет. Детето на оваа возраст ужива во чувството на припадност, сака да биде прво, способно е да сочувствува со другите и да разликува пожелно од непожелно однесување и може секојдневно да биде разделено од семејството, само да се облекува, да се грижи за себе и за своите предмети.

Колку детето ќе се развива самостојно најмногу зависи од односот на родителите кон детските потреби и активности. Ако децата во претшколска возраст се навикнати на тоа дека многу од работите ги извршуваат други за нив, тие ќе имаат намалена сигурност во себе и помал интерес за самостојно извршување на задачите, што негативно ќе влијае на прифаќањето на училишните обврски и нивното исполнување.

За децата на оваа возраст се карактеристични големи индивидуални разлики кои се пројавуваат во физичката, интелектуалната, емоционалната и социјалната зрелост, како и од семејното опкружување од каде што потекнува детето. Како детето ќе се снајде во училиштето, зависи и од тоа дали и колку е вклучено во претшколските установи, колку во него се будела креативноста, мотивацијата или кооперативноста, предизвикани од родителите или воспитувачите.

Постојат низа фактори кои се важни за успехот на детето во снаоѓањето во училишните ситуации и новите обврски. Тие не зависат само од детето, туку од родителите и воспитувачите во градинката, како и од учителот кој го дочекува во училиштето и со кого ќе се дружи во текот на школувањето. Учителот мора да ги препознае личните особини на секое дете и почитувајќи ги неговите специфичности, да му овозможи учење на најсоодветен начин и со различна брзина на работа.

## Карактеристики на шестгодишно и седумгодишно дете

Секое дете е специфично и развојот на секое дете е различен (на пример, разликите во развојот на момчињата и девојчињата или разликите меѓу децата кои доаѓаат од различни социокултурни средини). Сепак, постојат многу заеднички карактеристични особини кои во литературата се наведени како норми за одредена возраст. Познавањето на нормите ни овозможува да знаеме кои постигнувања можеме, а кои и не можеме да ги очекуваме од детето на одредена возраст, па соодветно на тоа можеме да избереме активност која ќе му ја понудиме.

Карактеристики на просечно дете пред тргнување на училиште, на возраст од 6-7 години:

**Телесен развој**

- просечна висина е околу 120 см за момчиња и околу 117 см за девојчиња,
- тежина од околу 20 кг за момчиња, додека за девојчињата е малку помала,
- сите сетилни органи се целосно развиени,
- воспоставена е контрола на физиолошките потреби,
- добро е развиено мускулното ткиво,
- во тек е замена на млечните заби.

**Груба моторика**

- вози велосипед, се лизга, се тркала, плива,

- одржува рамнотежа, оди право по линија,
- прескокнува јаже, скока од висина од околу 40 см, стои на една нога, со едната рака ја фаќа топката, самостојно се облекува.

**Фина моторика**

- со палецот може да го допре секој прст,
- со ножиците сече едноставни форми,
- користи прибор за јадење, ги врзува врвките на чевлите,
- пресликува едноставни форми, прави и заоблени линии, бои внатре во дадениот простор,
- пишува фигури и букви, иако не ги познава,
- црта рамни и искривени линии, прави движења со моливот меѓу зададените точки,
- го држи пенкалото лесно, правилно и без грч, и го контролира притисокот врз моливчето на хартија.

**Интелектуални способности**

- почеток на развој на логички операции,
- воочува сличности и разлики,
- набљудува со одредена цел,
- поврзува делови во целина,
- ги разликува временските поими,
- носи заклучоци за едноставни причинско-последични врски,
- разликува параметри на различни големини на некој предмет,
- знае кои делови му недостасуваат на комплетниот лик на човекот,
- способно е да направи троен налог (*се мисли на концептот за количина, односно е во состојба да го разбере процесот на собирање и одземање, додава и одзема во збирот на броеви),
- разликува количина, способно е да го разбере процесот на броење и одземање, собира и одзема до пет,
- способно е да ги групира предметите по боја, облик, големина и сл.,
- може да состави едноставна целина од делови,
- воочува разлики и препознава сличности,
- го препознава гласот со кој започнува зборот,

- со печатни букви знае да го напише името и презимето,
- способно е да повтори низа од пет броеви,
- механички брои до 10 и повеќе,
- знае што доаѓа напред (пред бројот 5),
- може да преслика едноставни ликови,
- точно ги именува боите и тоновите,
- памти поими кои го интересираат,
- вниманието му трае околу 15 – 20 мин.,
- концентрација на активност која го интересира може да потрае и до 60 мин.

**Говорни способности**

- говорот е правилен и јасен,
- прашува за значењето на апстрактни зборови,
- може да опише настан од изминато искуство,
- при зборувањето, правилно ги употребува идното и минатото време,
- ги артикулира сите гласови (неправилности во изговорот на Р, Љ, Њ),
- способно е да го прочита и напише сопственото име,
- може да прераскаже кратка приказна откако ќе ја чуе,
- користи од 2 500 до 3 000 зборови,
- ја забележува римата во песните,
- ги распознава гласовите од кои се состојат кратките зборови,
- може да памети песнички или делови од некој текст кои го интересираат.

**Социоемоционален развој**

- забележлива самодисциплина и самоконтрола,
- емоциите се сè уште бурни,
- присутни се реални стравови,
- ги препознава сопствените чувства на љубов и среќа, лутина и разочарување,
- може да соработува со другите во некоја заедничка активност,
- се однесува заштитнички кон помладите,
- сочувствува со другите,
- си бира омилен другар,
- ги почитува правилата на играта,

- самостојно е во грижата за себе (ги обува чевлите, користи прибор за јадење, може да отиде во соседството, да одржува хигиена),
- прави разлика меѓу сакано и несакано однесување,
- потешко успева да ги одложи потребите, но ги одложува по убедување,
- ужива во чувството на припадност,
- ги усвојува основните норми на однесување.

### 6.2.3. Организација на уписот во прво одделение

*„Пред уписот во основно училиште задолжително е да се утврди психофизичката состојба на детето.

Психофизичката состојба на детето ја утврдува Комисија составена од лекар, психолог или педагог, дефектолог и наставник. Комисијата ја основа орган на општинската администрација надлежен за работите од областа на воспитанието и образованието и орган на општинската администрација надлежен за работите од областа на здравството“ (Pravilnik o upisu djece u osnovnu školu, 1991, članak 2. stavak 1., 2. i 3.).

„Органот на општинската администрација надлежен за работите од областа на образованието и органот на општинската администрација надлежен за работите од областа на здравството, односно органот надлежен за работите од областа на здравството и органот надлежен за работите од областа на здравството на градот Загреб се должни да утврдат каде ќе се утврдува психофизичката состојба на децата, имајќи го предвид местото на живеење“ (Pravilnik o upisu djece u osnovnu školu, 1991, članak 3. stavak 2.).

***Се предлага да се назначи Комисија за секое училиште и да се одржи состанок на сите членови на Комисијата на кој ќе биде договорена организацијата и спроведувањето на постапката за упис.***

*„Органот на општинската администрација надлежен за работите од областа на образованието и органот надлежен за работите од областа на здравството на градот Загреб доставува список со деца кои се дораснати за упис во основно училиште до здравствената организација во која Комисијата ќе ја утврдува психофизичката состојба на децата“ (Pravilnik o upisu djece u osnovnu školu, 1991, članak 3. stavak 3.).

***Овој список може да се достави и до училиштето, но понекогаш има недоволно точни или нецелосни податоци поради можноста за промена на местото на живеење на семејството или поради други причини. Оттаму, добра практика е да се поврзат училиштата со предучилишните установи во однос на училишното уписно подрачје. Врз основа на направените разговори со стручните соработници од детските градинки, можат да се добијат и дополнителни информации со цел, колку што е можно подобро да се запознае секое дете - идниот училиштен обврзник.***

*Списокот на училишните обврзници се дополнува со податоци добиени од детските градинки и/или родителите кои се пријавиле на уписот во училиштето. На училишните обврзници може да им биде испратена покана за упис.

***Во пракса се сретнуваат различни решенија: поканата ја испраќа или Канцеларијата за просвета или училиштето преку оглас на просторот на училишното уписно подрачје или со писма, поединечно испратени до секое дете.***

*Комисиско утврдување на психофизичката состојба на детето

***Се советува, доколку дозволуваат просторните и другите услови, сите членови на Комисијата заедно да ја утврдуваат психофизичката состојба на детето. Предноста е во тоа што членовите на Комисијата на овој начин можат да комуницираат меѓу себе, да соработуваат со родителите и да донесуваат заеднички одлуки. Во случај ако не може да се обезбеди заедничка работа на членовите на Комисијата, по објавувањето на медицинскиот преглед, детето доаѓа на училиште. Препорачливо е да се контактира училиштето и надлежниот лекар за да се организира доаѓањето на децата во училиштето.***

***Низ разговор со детето и родителот треба да се искористи можноста и да се добијат сите значајни информации за детето. Така, на пример, може да се спроведе Прашалник за родителите (Прилог бр. 4), а освен тоа, на родителот може да му се дадат анкетни прашалници кои ќе му овозможат на училиштето подобро да ја организира претстојната учебна година: изјава за посетување часови по веронаука, продолжен престој, вонаставни активности, како и основни информации за училиштето и организацијата на работата во него.***

*Врз основа на мислењето на членовите на Комисијата се носи предлог, согласно кој:

- детето се запишува во прво одделение согласно редовната Програма за основно школување,
- се ослободува од упис во прво одделение во основно училиште во тековната училишна година, имајќи предвид дека се исполнети условите од Правилникот,
- детето се упатува на постапка за утврдување на соодветната форма на образование,
- се запишува во основното училиште во редовна Програма за школување со Програма за опсервација.

*Постапката за упис се спроведува согласно утврдени датуми (крајот на мај, почетокот на јуни), врз основа на пропишаната документација: извод од матичната книга на родени или потврда од државна регистрација, потврда за преглед на детето пред упис во прво одделение на основното училиште.

Родителите при уписот пополнуваат Уписница за училиште.

*Распределбата на учениците по одделенија треба да се спроведе така што треба да има приближно ист број ученици согласно сите добиени показатели – пол, резултати од испитувањето, препораките од докторот по школска медицина. Најдобро е оваа распределба да се направи на состанокот на сите наставници и стручни соработници кои учествувале при уписот. Улогата на сите членови на Комисијата е да ги запознае идните наставници со спецификите, за секое дете поединечно, а особено да ги истакне најсоодветните методи за работа со децата со посебни потреби.

*За време на приемот на учениците и родителите на првиот училиштен ден, секако дека треба да присуствуваат директорот, стручните соработници и наставниците – членовите на класниот совет.

Секој може да биде вклучен во подготовката на Програмата за учениците и родителите, а праксата покажа дека успешно решение е кога носители се наставниците кои ги преземаат учениците од прво и од петто одделение.

По завршувањето на приредбата и свечениот прозив, наставниците ги носат своите одделенија (*ученици) во училниците. Родителите за тоа време од директорите и стручните соработници можат да ги добијат првите информации за организацијата на училишната работа и својата улога во развивањето на работните навики на учениците.

Просторот во кој доаѓаат новите ученици важно е да биде безбеден и збогатен со содржини коишто ќе бидат естетски обликувани и ќе го поттикнуваат чувството на удобност и љубопитност.



## 6.2.4. Девијации во развојот при уписот на децата во прво одделение

Идентификувањето на симптомите на развојните девијации кај детето при уписот во прво одделение е секако една од најважните задачи на Комисијата за упис. Развојните нарушувања или девијации можат да бидат третирани уште во предучилишниот период или да не бидат забележани од родителите и од околината.

Стручните лица се согласуваат дека е исклучително важно навреме да се почне со третирање на развојните девијации. Со цел наставата да биде колку што е можно поуспешна, педагогијата ги користи и научните достигнувања во психологијата, медицината, дефектологијата и од неодамна, од неврологијата. Под успешна настава се подразбира препознавање на проблемот, интердисциплинарен пристап и совладување на одредени стратегии со кои ќе се допре до секое дете.

Стручните соработници и членовите на Комисијата за проценка на психофизичкиот развој на детето за во училиште (подготвеност за учење) имаат улога да ги советуваат родителите за најдобрите начини кои можат да му помогнат на детето.

Во продолжение следуваат најчестите развојни девијации кај детето (според Jensen, E., (2004) и начините на кои тие можат да се препознаат. За секое од овие развојни нарушувања напишани се многу книги, научни статии и опишани се искуства за работата со овие деца. Ова е само краток потсетник за разговор со родителот при првиот контакт со училиштето. За секој симптом којшто ќе го забележиме кај детето, го проверуваме со родителите дали ваквото однесување е присутно во неговиот секојдневен живот. Ако однесувањето се повторува, во тој случај, на родителите многу внимателно им даваме совети.

**Недостаток на внимание**

- Нема трпение, сака веднаш да дознае сѐ.
- Не ја завршува започнатата работа.
- Недовршен цртеж.
- Одговара пред да му се постави прашање.
- Не може мирно да седи.
- Дава одговори од одлични до крајно лоши.

**Совет до родителот:**

- Да се фокусира на она во кое детето е успешно и да го пофали.
- Да постави разумни граници.
- Да постави јасни задачи и да му помогне на детето да поставува свои лични цели.

**Хиперактивност**

- Изразен немир.
- Постојано ги допира предметите и личностите околу себе.
- Му пречат надворешните дразби.
- Не може мирно да седи.
- Покажува изразен немир со нозете.
- Тешко ги следи инструкциите.
- Не може да го задржи вниманието при извршувањето на задачите.
- Се однесува како да не слуша додека му се обраќаме.

**Совет до родителот:**

- Да ја пренасочи активноста и енергијата и да го прифати таквото однесување.
- Да се прифати нарушувањето и да се има на ум дека детето не може доброволно да ги контролира симптомите на однесувањето.
- Да биде доследен и да инсистира на правилата.
- Да ја промени исхраната и да внесува повеќе овошје и зеленчук, и да го намали јадењето благо.

**Педагошка запоставеност**

- Детето не е научено на основните поими.

– Не знае да прераскаже бајка или да изрецитира бројалка (песна за деца со броење).
– Неправилно го држи моливот.

**Совет до родителите:**

– Детето треба да се подучи.
– Колку што е можно повеќе, да се разговара со детето за секојдневните случувања.
– Во разговорот со детето да се користат комплетни реченици.
– Да се поттикнува детето да ги прераскажува своите искуства.

**Нарушувања во однесувањето**

– Премногу се движи.
– Неадекватно реагира во одредена ситуација.
– Не може да ги следи инструкциите.
– Често се тепа во градинка.
– Често се лути и разбеснува.
– Често се расправа со возрасните.
– Често намерно им пречи на другите.

**Совет до родителите:**

– Проблемот треба да се сфати сериозно, да не се очекува дека ќе го снема.
– Најважна е доследноста во примената на правилата.
– Во работата со детето да се усогласи пристапот на сите воспитувачи.

**Нарушувања на видот или на слухот**

– Ја придвижува главата кон испитниот материјал.
– Ја врти главата за да чуе подобро.
– Бара да му се повтори прашањето.

**Совет до родителите:**

– Да се побара преглед и совет од стручно лице.

**Проблеми со говорот**

– Неправилен изговор на одредени гласови.
– Изоставување (пропуштање) гласови.

- Префрлање гласови.
- Делумно пелтечење.
- Пелтечење.

**Совет до родителите:**

- Да му се обраќаат на детето со јасен говор.
- Да побараат помош од логопед.

**Застој во развојот**

- Потешко воспоставува комуникација.
- На испитот за предзнаење покажува ниски резултати.
- Потешкотии во генерализирањето.

**Совет до родителите:**

- Да се побара помош од стручно лице и да се исклучат другите пречки.
- Да се поттикнува детето да ги стекне вештините кои ќе му бидат потребни во секојдневниот живот.
- Да се поттикнува детето да користи позитивно изразување за себе.
- Да се избегнува споредување.
- Да се одржува рутина и доследност.
- Да се понудат различни активности во учењето.
- Да се даваат кратки и јасни инструкции.

**Недоволно развиени претчитачки способности**

- Не е усвоена гласовна анализа и синтеза.
- Сиромашен речник.

**Совет до родителите:**

- Да се играат игри со зборови за препознавање на првиот и последниот глас во зборот.
- Низ игра да се разликуваат гласови од еднослложни и повеќесложни зборови.

**Дете кое доживеало стрес**

- Прекумерна плашливост.

- Раздразливост.
- Страв без оправдана причина.
- Агресивност.

**Совет до родителите:**

- Да се утврди изворот на стрес и доколку е можно, да се отстрани.
- Стручниот третман со детето не смее да се одложува.
- Стресот поврзан со семејните односи бара вклучување во семејна терапија.

**За сите отстапки (разлики) важат правилата:**

1. Најважно е кај детето да се разбуди чувство дека тоа има одредена контрола врз животот, дека она што го прави е различно од она што е, дека е сакано и покрај нарушувањата (пречките).
2. Да се истакнуваат способностите кај детето.
3. На детето да му се поставуваат реални барања.
4. Да се усогласи воспитното дејствување од родителите според однесувањето на детето.

### 6.2.5. Соработката меѓу родителите и училиштето – предуслов за успехот на детето

Тргнувањето во училиштето е важен настан во животот на детето и неговото семејство. Детето во училиште ги добива првите големи животни обврски, запознава нови луѓе: негови врсници и наставници, стекнува нови спознавања за светот кој го опкружува, како и за самото себе.

Детето ќе биде успешно на училиште, доколку родителот:

- Му пружа грижа и поддршка.
- Изразува јасни и позитивни очекувања од неговото учење и однесување.
- Дава можност за значајно учество во секојдневниот живот на семејството.
- Развива реален поглед на способностите на детето.

– Безусловно го прифаќа детето онакво какво што е.

Во однос на соработката меѓу родителите и училиштето, важно е да се истакне следното:

– Одењето на разговори во училиштето детето го доживува како грижа и интерес за неговото учење, а со самото тоа и за него како личност.
– Наставникот го гледа детето на поинаков начин и во поинаква ситуација од онаа во која го гледаат родителите. Оттаму, родителите треба редовно да комуницираат со учителот за да чујат што има тој да им каже за детските особини и навики кои тоа ги прикажува низ ситуациите во училиштето. Мислењето на учителот ќе му помогне на родителот во воспитувањето на своето дете.
– Родителите можат активно да учествуваат во училишните работи, нудејќи им ги своите знаења, вештини, време и средства.

Соработката меѓу учителот и родителите се карактеризира со следново:

– Соработка со родителите од почетокот на тргнувањето на детето на училиште.
– Воспоставување соработка, доколку е можно, со двајцата родители.
– Континуирано поттикнување на различни аспекти на соработката со родителите во текот на целата школска година: родителски состаноци, индивидуални разговори, телефонски разговори, писма, електронски пораки.
– Активно вклучување на родителите во подготовката, извршувањето и оценувањето на наставните содржини.

Родителските состаноци претставуваат можност за родителите целосно да се информираат за работата на училиштето. На првиот родителски состанок наставникот треба да ги запознае родителите меѓусебно. Теми на идните родителски средби треба да бидат: планирање на работниот ден на ученикот, ефективни методи на учење, развој на работните навики на детето, навики за хигиена, партнерство меѓу родителите и училиштето во однос на воспитувањето на детето, запознавање со постоечката литература за родители (Прилог).

Родителските состаноци воедно се можност да се запознаат меѓусебно родителите, чиишто деца секојдневно се дружат. Родителите можат меѓусебно да разменуваат искуства за воспитувањето на децата, да договараат заеднички средби и игри во нечиј дом, но и да имаат пристап во работата во случај кога нивното дете ќе изостанува од училиште.

Родителите кои активно се занимаваат со своите деца, кај нив создаваат чувство за заедница и безбедност. Преку заеднички активности (игра, домашни работи, купување, излети во природа, спортски активности), детето се навикнува на соработка, на развој на своите потенцијали, учи да планира и да ги изразува своите замисли, го контролира своето однесување и постепено ги прифаќа правилата на однесување во однос на другите лица.

На стручните состаноци на Агенцијата за образование на тема „Стандардизација на постапките за запишување на деца во прво одделение на основното училиште“ се одржа педагошка работилница на тема „Прв родителски состанок“.

Стручните соработници беа поделени во две групи, чија задача беше да одговорат на прашањето: „Какви информации им даваме на родителите како педагози?“, „Какви информации очекуваме како родители?“ (Прилог бр. 1.)

Ви претставуваме кус преглед на нивните размислувања и пожелни информации за родителите:

- Општи информации за училиштето (адреса, телефон, факс, електронска пошта, веб-страница).
- Организација и услови за работа на училиштето, календар на училишна работа.
- Годишен план и програма за работа во училиштата (информативно).
- Зрелоста на детето за одење во училиште.
- Наставна програма за прво одделение на основното училиште.
- Изборни предмети.
- Воннаставни активности.
- Вонучилишни активности.
- Учебници и училишни материјали.
- Основни информации за училишниот персонал (директор, стручни соработници, наставници).
- Организација на продолжен престој.
- Исхрана на учениците.
- Превоз на ученици.
- Безбедност на учениците во безбедноста на учениците и учениците.
- Правилник за оценување.
- Опрема на училиште со наставни материјали и помагала.

Наведените информации можат да се пренесат усно на родителите на родителски состаноци, преку подготвен леток или панел.

# II ДЕЛ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО



## 1. Предмет на истражувањето

Предметот на ова истражување е фокусиран кон еден актуелен и современ проблем во рамките на воспитанието и образованието. Имено, станува збор за анализа на процесот на проценување на подготвеноста на децата за вклучување во основното воспитание и образование, со сето значење кое тој процес го има, со оглед на фактот дека тоа е првично вклучување во организираниот воспитно-образовен систем. Во тој контекст, соодветната проценка е предуслов не само за успешен почеток туку и за севкупниот натамошен образовен развој на учениците. Дотолку повеќе што првите искуства независно од нивниот предзнак битно влијаат врз натамошните ставови за организираното учење воопшто.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на ова истражување е да се испитаат педагошко-методолошките основи на проценката на развојот на децата за запишување во основно училиште во Република Македонија.

Според својот карактер, ова истражување ги има следниве особини: теоретско, емпириско, квантитативно, квалитативно, современо.

**Теоретско** е затоа што е поткрепено со теорија и е насочено кон решавање на едно суштинско прашање во поглед на педагогијата. **Емпириско** е затоа што проблемот се проучува по пат на непосредно искуство (собирање податоци и факти на терен). **Квантитативно** е бидејќи во истражувањето се користат техники и инструменти од квантитативен карактер (употреба на прецизни методи, пополнување на прашалник). **Квалитативно** бидејќи се користат техники и инструменти од квалитативен карактер (се користат поприродни, субјективни техники на истражување). **Современо** е пак, затоа што е наменето за актуелен проблем од областа на воспитанието и образованиетото во Република Македонија.

Од комплексноста на проблемот кој се истражува може да се констатира дека истражувањето е комбинација од квалитативен и квантитативен пристап.

## 3. Задачи на истражувањето

Задачите се движат во рамките на поставената цел на истражувањето, која е комплексна и се конкретизира низ задачите на истражувањето кои имаат разновидна природа. Задачите се групирани според предвидените акциони чекори кои се преземаат во истражувањето.

Во истражувањето јасно се одредени следниве задачи:

1. Анализа на педагошката компонента на законските основи.
2. Испитување на методолошкиот пристап на релевантните педагошки аспекти при процесот на запишување на децата во основно училиште.
3. Испитување на значењето на предучилишното воспитание и образование како предуслов за зајакнување на образовниот статус на децата во годината пред запишување во основно училиште.
4. Анализа на работата на педагогот во процесот на проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение.

## 4. Хипотези

**Општа хипотеза**:

**$X_0$** – Педагошко-методолошкиот систем за проценка на развојот на децата за тргнување во основно училиште во Република Македонија е конзистентен.

**Посебни хипотези:**

1. *Законските одредби за запишување на децата во основно училиште се компатибилни со* педагошките барања.
2. Најголем број стручни соработници при спроведувањето на проценката преферираат индивидуален пристап со детето, во присуство на родител.
3. Бројот на деца кои посетуваат предучилишни установи во годината пред запишувањето во училиште е значително поголем во однос на оние кои не посетуваат.
4. Постои потреба педагогот да биде задолжителен член на Комисијата за проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение.

5. Стручните соработници сметаат дека е потребна примена на игра при проценката на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение.
6. Најголем број стручни соработници сметаат дека предучилишните установи позитивно влијаат врз целокупниот развој на детето.

## 5. Варијабли на истражувањето

**Независни варијабли** во ова истражување се:

1. Начинот на вршење на проценката.
2. Употребата на игровни активности.

**Зависни варијабли** во ова истражување се:

1. Ставовите на испитаниците во однос на начините на спроведување на проценката на развојниот статус на децата за запишување во основно образование.
2. Ставовите и мислењата на испитаниците во поглед на употребата на игровни активности при спроведувањето на проценката на развојниот статус на децата за запишување во основно образование.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во ова истражување се користеа поголем број научни методи со кои беа добиени релевантни научни сознанија и тоа: содржинска и структурална анализа, синтеза, дескрипција, дедукција, индукција, генерализација. Истражувањето се карактеризира со квалитативни и квантитативни особености и согласно поставените задачи, се применија следниве техники:

1. Техника на анкетирање и скалирање, наменета за педагозите од основните училишта опфатени со примерокот на истражувањето.
2. Техника на анализа на релевантна законска и педагошка документација, наменета за анализа на Законот за основно образование и воспитание, подзаконските акти и

правилници од областа за основното воспитание и образование, став за запишување на децата во основно училиште и анализа на постојните техники и инструменти кои се користат при проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение.

Примената на овие техники се вршеше со следниве инструменти за истражување:

– Прашалник за испитување на ставовите за работата на педагозите во процесот на запишување на децата во прво одделение.

Прашањата во прашалникот се со квалитативен и квантитативен карактер (отворен тип, затворен тип, комбинација од отворен и од затворен тип и дел се во форма на скали на проценка). Се состојат од два дела, и тоа:

- I дел – Општи податоци
- II дел – Ставовите и мислењата на педагозите за процесот на проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во основно училиште

Првиот дел се состои од 9 прашања, од кои 7 се од отворен тип и 2 се од затворен тип, а вториот дел се состои од 13 прашања, од кои 5 прашања од отворен тип, 2 од затворен тип, 6 комбинација од отворен и затворен тип, од кои 2 се во форма на скалирање.

Кога станува збор за првиот дел, првите две прашања се однесуваат на називот на училиштето и општината во која тоа се наоѓа. Третото прашање се однесува на тоа дали училиштето е централно или подрачно, четвртото прашање се однесува на работното искуство на лицето кое го пополнува прашалникот, а петтото прашање се однесува на степенот на образование на лицето кое го пополнува прашалникот (високо образование, магистер на науки или доктор на науки). Прашањата со реден број 6., 7., 8. и 9. (контакт-телефон, електронска адреса на училиштето, електронска адреса на лицето кое го пополнува прашалникот и веб-страница на училиштето) се всушност прашања кои беа зададени со цел – понатамошна соработка и разјаснување на нејасности во поглед на одговорите кои испитаниците (педагозите) ги дале во прашалникот.

Во вториот дел од прашалникот првото прашање се однесува на начините на кои училиштето ги информира родителите/старателите за започнување на процесот за запишување на децата во основно училиште. Второто прашање се однесува на типот на средби кои ги

практикува училиштето (индивидуални или заеднички). Третото прашање се однесува на подготовката на училиштето за запишувањето на децата (во форма на скалирање и две места за дополнување, уредување на заедничките простории во училиштето, уредување на просторијата во која ќе се врши проценката, обезбедување материјал за цртање и пишување, обезбедување играчки, обезбедување дидактички материјали, избор на инструменти за бележење и сл.). Четвртото прашање од овој дел се однесува на начинот на кој се спроведува испитувањето на подготвеноста на децата во поглед на тоа кој присуствува на него, а во петтото прашање треба да се наведат членовите од кои е составена Комисијата. Шестото прашање се однесува на учеството на останатите членови на Комисијата (покрај педагогот) и начинот на кој учествуваат. Седмото прашање се однесува на инструментите кои се користат при проценката, а осмото прашање на развојните подрачја кои се опфатени при испитувањето на развојната подготвеност на децата при запишувањето во прво одделение (назив на подрачјето, цели на проценката и кој инструмент се користи). Деветтото прашање се однесува на употребата на елементи на игра при процесот на проценка и доколку се практикува, на кој начин – кои игри и игровни активности), а десеттото го испитува ставот на педагозите кон предучилишното воспитание и образование. Единаесеттото прашање се однесува на степенот на посетеност на предучилишни установи од децата пред последниот упис во училиштето (изразено во проценти), дванаесеттото прашање се однесува на начинот на кој се известуваат семејствата за резултатите од испитувањето и тринаесеттото прашање се однесува на предлози за подобрување на квалитетот на испитувањето на подготвеноста на децата за запишувањето во основното училиште.

## 7. Популација и примерок на истражувањето

Во истражувањето беа опфатени повеќето основни училишта од 36 општини на територијата на Република Македонија, како и сите педагози кои работат во истите основни училишта на територијата на Република Македонија. Овие два субпримерока се намерни примероци.

1. Субпримерок од закони, подзаконски акти и правилници кои ја третираат проблематиката на запишување на децата во прво одделение.

2. Субпримерок од педагошко-методолошка документација користена од педагозите во основните училишта, во рамките на процесот за проценка на развојните аспекти на децата за запишување во основно училиште.

## 7.1. Примерок на општини

Територијата на Република Македонија е поделена на 80 општини од кои вкупно десет се во градот Скопје, и тоа: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Покрај овие десет општини, постојат уште седум кои се вбројуваат во Скопскиот регион, и тоа: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер-Сандево.

Од горенаведените општини, 13 беа дел од ова истражување, и тоа: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Илинден и Петровец. Од останатите 63 општини, 23 беа дел од ова истражување, и тоа општините: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Демир Хисар, Дојран, Јегуновце, Кавадарци, Конче, Кочани, Кривогаштани, Куманово, Маврово – Ростуше, Новаци, Неготино, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Тетово, Штип.

Со истражувањето беа опфатени вкупно **36** општини на територијата на Република Македонија.

## 7.2. Примерок на основни училишта

Во општините на територијата на Република Македонија постојат голем број централни и подрачни основни училишта. Станува збор за намерен примерок на основни училишта кои се на територијата на Република Македонија. Во ова истражување беа вклучени **115** централни училишта.

Табела бр. 1. Структура на примероците на истражувањето: општини, основни училишта и педагози

| Реден број | Општина | Основно училиште | Централно | Број на педагози |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Аеродром | ООУ „Браќа Миладиновци“ | √ | 1 |
| 2. | Аеродром | ООУ „Блаже Конески“ | √ | 1 |
| 3. | Аеродром | ООУ „Љубен Лапе“ | √ | 1 |
| 4. | Аеродром | ООУ „Лазо Ангеловски“ | √ | 1 |
| 5. | Аеродром | ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | √ | 1 |
| 6. | Аеродром | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 7. | Арачиново | ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“ | √ | 1 |
| 8. | Бутел | ООУ „Ацо Шопов“ | √ | 1 |
| 9. | Бутел | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 10. | Бутел | ООУ „Лиман Каба“ | √ | 1 |
| 11. | Бутел | ООУ „Живко Брајковски“ | √ | 1 |
| 12. | Битола | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ | √ | 1 |
| 13. | Битола | ООУ „Коле Канински“ | √ | 1 |
| 14. | Битола | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 15. | Битола | ООУ „Стив Наумов“ | √ | 1 |
| 16. | Валандово | ООУ „Јосип Броз Тито“ | √ | 1 |
| 17. | Валандово | ООУ „Страшо Пинџур“ | √ | 1 |
| 18. | Велес | ООУ „Блаже Конески“ | √ | 1 |
| 19. | Велес | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | √ | 1 |
| 20. | Гази Баба | ООУ „Вера Јоциќ“ | √ | 1 |
| 21. | Гази Баба | ООУ „Стив Наумов“ | √ | 1 |
| 22. | Гази Баба | ООУ „Дане Крапчев“ | √ | 1 |
| 23. | Гази Баба | ООУ „Кирил и Методиј“ | √ | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. | Гази Баба | ООУ „Крсте Мисирков“ | √ | 1 |
| 25. | Гази Баба | ООУ „Његош“ | √ | 1 |
| 26. | Гази Баба | ООУ „Наум Охридски“ | √ | 1 |
| 27. | Гостивар | ООУ „Исмаил Ќемали“ | √ | 1 |
| 28. | Гостивар | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 29. | Гостивар | ООУ „Башкими Единство“ | √ | 1 |
| 30. | Гостивар | ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ | √ | 1 |
| 31. | Демир Хисар | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 32. | Дојран | ООУ „Кочо Рацин“ | √ | 1 |
| 33. | Ѓорче Петров | ООУ „Мирче Ацев“ | √ | 1 |
| 34. | Ѓорче Петров | ООУ „Страшо Пинџур“ | √ | 1 |
| 35. | Ѓорче Петров | ООУ „Тихомир Милошевски“ | √ | 1 |
| 36. | Ѓорче Петров | ООУ „Димитар Беровски“ | √ | 1 |
| 37. | Ѓорче Петров | ООУ „Ѓорче Петров“ | √ | 1 |
| 38. | Ѓорче Петров | ООУ „Јоаким Крчоски“ | √ | 1 |
| 39. | Илинден | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 40. | Илинден | ООУ „Браќа Миладиновци“ | √ | 1 |
| 41. | Јегуновце | ООУ „Александар Здравковски“ | √ | 1 |
| 42. | Карпош | ООУ „Војдан Чернодрински“ | √ | 1 |
| 43. | Карпош | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | √ | 1 |
| 44. | Карпош | ООУ „Петар Поп Арсов“ | √ | 1 |
| 45. | Карпош | ООУ „Владо Тасевски“ | √ | 1 |
| 46. | Карпош | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | √ | 1 |
| 47. | Карпош | ООУ „Лазо Трповски“ | √ | 1 |
| 48. | Карпош | ООУ „Братство“ | √ | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 49. | Карпош | ООУ „Вера Циривири-Трена“ | √ | 1 |
| 50. | Кавадарци | ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ | √ | 1 |
| 51. | Кисела Вода | ООУ „Кузман Шапкарев“ | √ | 1 |
| 52. | Кисела Вода | ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | √ | 1 |
| 53. | Кисела Вода | ООУ „Рајко Жинзифов“ | √ | 1 |
| 54. | Кисела Вода | ООУ „Круме Кепески“ | √ | 1 |
| 55. | Кисела Вода | ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ | √ | 1 |
| 56. | Кисела Вода | ООУ „Невена Георгиева-Дуња“ | √ | 1 |
| 57. | Кисела Вода | ООУ „Партенија Зографски“ | √ | 1 |
| 58. | Конче | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 59. | Кочани | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | √ | 1 |
| 60. | Кочани | ООУ „Раде Кратовче“ | √ | 1 |
| 61. | Кривогаштани | ООУ „Јонче Смугрески“ | √ | 1 |
| 62. | Кривогаштани | ООУ „Манчу Матак“ | √ | 1 |
| 63. | Куманово | ООУ „11 Октомври“ | √ | 1 |
| 64. | Куманово | ООУ „Христијан Карпош“ | √ | 1 |
| 65. | Маврово – Ростуше | ООУ „Ѓорѓија Пулески“ | √ | 1 |
| 66. | Маврово – Ростуше | ООУ „Јосип Броз Тито“ | √ | 1 |
| 68. | Новаци | ООУ „Славко Лумбарковски“ | √ | 1 |
| 67. | Неготино | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 68. | Неготино | ООУ „Страшо Пинџур“ | √ | 1 |
| 69. | Охрид | ООУ „Ванчо Николески“ | √ | 1 |
| 70. | Охрид | ООУ „Живко Чинго“ | √ | 1 |
| 72. | Охрид | ООУ „Григор Прличев“ | √ | 1 |
| 73. | Охрид | ООУ „Христо Узунов“ | √ | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 74. | Петровец | ООУ „Братство-Единство“ | √ | 1 |
| 75. | Прилеп | ООУ „Рампо Левката“ | √ | 1 |
| 76. | Прилеп | ООУ „Блаже Конески“ | √ | 1 |
| 77. | Прилеп | ООУ „Добре Јованоски“ | √ | 1 |
| 78. | Прилеп | ООУ „Кире Гаврилоски“ | √ | 1 |
| 79. | Прилеп | ООУ „Круме Волнароски“ | √ | 1 |
| 80. | Прилеп | ООУ „Климент Охридски“ | √ | 1 |
| 81. | Прилеп | ООУ „Страшо Пинџур“ | √ | 1 |
| 82. | Радовиш | ООУ „Крсте Петков Мисирков“ | √ | 1 |
| 83. | Радовиш | ООУ „Никола Карев“ | √ | 1 |
| 84. | Радовиш | ООУ „Кирил и Методиј“ | √ | 1 |
| 85. | Радовиш | ООУ „Орце Николов“ | √ | 1 |
| 86. | Ресен | ООУ „Мите Богоевски“ | √ | 1 |
| 87. | Ресен | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 88. | Сарај | ООУ „Бедри Таири“ | √ | 1 |
| 89. | Сарај | ООУ „Бајрам Шабани“ | √ | 1 |
| 90. | Сарај | ООУ „Дитуриа“ | √ | 1 |
| 91. | Сарај | ООУ „Емин Дураку“ | √ | 1 |
| 92. | Свети Николе | ООУ „Даме Груев“ | √ | 1 |
| 93. | Свети Николе | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 94. | Струга | ООУ „Браќа Миладиновци“ | √ | 1 |
| 95. | Струга | ООУ „Јосип Броз Тито“ | √ | 1 |
| 96. | Струга | ООУ „Ашим Агуши“ | √ | 1 |
| 97. | Струга | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 98. | Струга | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 99. | Струга | ООУ „Свети Климент Охридски“ | √ | 1 |
| 100. | Тетово | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 101. | Тетово | ООУ „Братство-Миѓени“ | √ | 1 |
| 102. | Тетово | ООУ „Кирил и Методиј“ | √ | 1 |
| 103. | Центар | ООУ „Кочо Рацин“ | √ | 1 |
| 104. | Центар | ООУ „Гоце Делчев“ | √ | 1 |
| 105. | Центар | ООУ „Коле Неделковски“ | √ | 1 |
| 106. | Центар | ООУ „Свети Кирил и Методиј“ | √ | 1 |
| 107. | Центар | ООУ „11 Октомври“ | √ | 1 |
| 108. | Чаир | ООУ „Васил Главинов“ | √ | 1 |
| 109. | Чаир | ООУ „Рајко Жинзифов“ | √ | 1 |
| 110. | Шуто Оризари | ООУ „Браќа Рамиз-Хамид“ | √ | 1 |
| 111. | Штип | ООУ „Ванчо Прке“ | √ | 1 |
| 112. | Штип | ООУ „Димитар Влахов“ | √ | 1 |
| 113. | Штип | ООУ „Тошо Арсов“ | √ | 1 |
| 114. | Штип | ООУ „Славејко Арсов“ | √ | 1 |
| 115. | Штип | ООУ„Страшо Пинџур“ | √ | 1 |
| | **N=36** | **N=115** | **N=115** | **N=115** |

Изборот на примерокот на училишта е намерен, т.е. во ова истражување се вклучени основни училишта од сите региони на територијата на Република Македонија. Од општините Арачиново, Демир Хисар, Дојран, Јегуновце, Кавадарци, Конче, Новаци, Петровец и Шуто Оризари се опфатени вкупно 9 централни основни училишта, т.е. по 1 училиште од секоја од наведените општини. Од општините Валандово, Велес, Илинден, Кочани, Кривогаштани, Куманово, Маврово – Ростуше, Неготино, Ресен, Св. Николе и Чаир се опфатени вкупно 22 централни основни училишта, т.е. по 2 училишта од секоја од наведените општини. Од општина Тетово се опфатени 3 централни основни училишта, а од општините Бутел, Битола, Гостивар, Охрид, Радовиш и Сарај се опфатени вкупно 24 централни основни училишта, т.е.

по 4 училишта од секоја од наведените општини. Од општините Штип и Центар се опфатени 10 централни основни училишта, т.е. по 5 училишта од секоја од наведените општини, а од општините Аеродром, Ѓорче Петров и Струга се опфатени вкупно 18 централни основни училишта, т.е. по 6 училишта од секоја од наведените општини. Од општините Гази Баба, Кисела Вода и Прилеп се опфатени вкупно 21 централни основни училишта, т.е. по 7 училишта од секоја од наведените општини, а од општина Карпош се опфатени 8 централни основни училишта.

## 7.3. Примерок на педагози

Примерокот на педагози од основните училишта на територијата на Република Македонија кои учествуваа во истражувањето, и со кои истражувачот имаше и непосредна комуникација се од есенцијално значење за резултатите на ова истражување. Токму тие овозможија пристап до сета педагошка документација која се користи при реализација на проценката на развојот на децата при запишување во основно училиште. Прашалниците наменети за педагозите беа директно доставени до субјектите на истражувањето.

Со истражувањето беа опфатени 115 педагози кои ги пополнија прашалниците – 23 од нив доставија релевантна педагошка документација која ја користат при проценката на децата за запишување во прво одделение.

## 7.4. Примерок на законски регулативи

При анализата на законите, законските акти и регулативи од четвртиот дел од Законот за основно образование – IV. ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ (Министерство за образование и наука, 2015), беше донесен заклучок дека законските одредби за запишување на децата во основно училиште се компатибилни со педагошките барања.

## 7.5. Примерок на педагошка документација

Примерокот на педагошката документација беше доставен токму од примерокот на педагози кои беа дел од ова истражување, т.е. од документацијата која ја користат педагозите кои се вработени во основните училишта на територијата на Република Македонија при уписот на идните првачиња.

Прашалниците наменети за педагозите беа директно доставени до субјектите на истражувањето.

Со истражувањето беа опфатени 115 педагози кои ги пополнија прашалниците, а 23 од нив доставија релевантна педагошка документација која ја користат при проценката на децата за запишување во прво одделение. Во оваа документација своето место го наоѓаат: формулар со податоци за ученикот, формулар со податоци за родителите, евидентни листови, барања, покана, потврда и известување. Нивниот изглед е различен, но содржината е иста кај сите педагози.

# 8. Обработка на податоци

Имајќи го предвид карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, добиените податоци од ова истражување се обработени на квалитативен и квантитативен начин. Во рамките на квалитативната обработка се пристапи кон избор на соодветни податоци, по што следуваше нивно содржинско анализирање, категоризирање и изведување заклучоци.

Добиените податоци од прашалникот наменет за педагозите се обработија квантитативно. Статистичките постапки кои се применети од областа на дескриптивната и инференцијалната статистика при квантитативната обработка на податоците се следните: определување дистрибуција на фреквенција, процентуална фреквенција, табеларно и графичко претставување на фреквенциите и аритметичка средина.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето беше спроведено во временски период од седум месеци, односно од втората половина на месец јуни 2017 година до декември 2017 година.

Прва фаза: подготовка за истражувањето

1. Техничка подготовка на инструментите.

2. Барање согласност за истражување од Бирото за развој на образование на Република Македонија.

3. Остварување средба со претседателот на Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје „Современ педагог".

4. Прибирање релевантна законска документација.

Втора фаза: теренско истражување

1. Спроведување на анкетирањето.
2. Присуство на два состанока на Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје „Современ педагог" во ООУ „11 Октомври" и ООУ „Кирил и Методиј", со цел – спроведување на анкетирањето.
3. Достава на анкетниот лист/прашалникот во електронска форма на електронската пошта на педагозите чии е-адреси ги најдов во Базата на активни педагози во Република Македонија, со цел – спроведување на истражувањето.
4. Прибирање и класифицирање на инструментите.

Трета фаза: обработка на податоците

1. Подготовка на електронска матрица за внесување податоци.

2. Внесување на добиените податоци.

3. Обработка на податоците и документирање со квантитативни и квалитативни анализи.

4. Анализа и интерпретација на добиените резултати.

5. Извлекување заклучоци и препораки.

# III ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО



## 1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на педагозите во основните училишта

Прашалникот кој го пополнуваа стручните соработници е составен од два дела, и тоа:

I. Општи податоци

II. Ставовите и мислењата на педагозите за процесот на проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во основно училиште

**I. Општи податоци**

Првите две прашања се однесуваат на називот на училиштето и општината во која тоа се наоѓа. Повратна информација беше добиена од 115 основни училишта од 36 општини кои се на територијата на Република Македонија. Овие две информации беа од исклучителна важност за истражувањето затоа што преку нив може да се воочи дека се опфатени сите региони на територијата на Република Македонија, основни училишта кои се наоѓаат во урбана, но и во рурална средина, основни училишта кои запишуваат голем број ученици, како и училишта кои запишуваат не повеќе од 10 ученици секоја година. Со цел да се испита општата хипотеза, претходно спомнатите карактеристики на основните училишта се многу значајни.

Со третото прашање се бара од испитаниците да заокружат еден од понудените одговори, т.е. да заокружат дали училиштето е централно или подрачно. Од 115 основни училишта кои учествуваа во истражувањето, сите 115 се централни основни училишта на Република Македонија, т.е. сите испитаници го имаат заокружено одговорот под а). Постои сомнеж за точноста на одговорите на испитаниците по однос на ова прашање затоа што дел од училиштата кои се лоцирани во рурална средина ги исполнуваат сите критериуми кои се поставени за едно училиште да биде подрачно, а сепак е наведено дека сите се централни. Важно е да се напомене дека оваа информација не влијае врз точноста на резултатите на истражувањето, затоа што двете прашања кои му претходат на ова прашање ни ги даваат потребните информации за местоположбата на основните училишта.

Табела бр. 1. Структура на примерокот училишта

| Основното училиште е: | F | f% |
|---|---|---|
| а) централно | 115 | 100% |
| б) подрачно | 0 | 0% |
| N= | 115 | 100% |

Четвртото прашање се однесува на работното искуство на лицето кое го пополнува прашалникот. По обработката на ова прашање се воочи дека 104 педагози или 90,43 проценти од вкупниот број испитаници одговориле на ова прашање. Нивните одговори можат да се проследат во следната табела и графикон. Иако станува збор за прашање од отворен тип, резултатите се графички претставени.

Графикон бр. 1. Работно искуство на испитаниците




Табела бр. 2. Работно искуство на испитаниците

| Работно искуство во години | F | f% |
|---|---|---|
| 1 до 5 | 23 | 22% |
| 6 до 10 | 21 | 20% |
| 11 до 15 | 11 | 11% |
| 16 до 20 | 18 | 17% |
| 21 до 25 | 11 | 11% |
| 26 до 30 | 11 | 11% |
| 31 до 35 | 8 | 8% |
| 35 до 38 | 1 | 1% |
| N= | 104 | 100% |

Петтото прашање се однесува на степенот на образование на лицето кое го пополнува прашалникот. На ова прашање одговориле вкупно 110 испитаници, т.е. 96 проценти од вкупниот број испитаници. Од нивните одговори се дојде до сознание дека 90 испитаници или 82 проценти од вкупниот број испитаници се стекнале со високо образование, 19 испитаници или 17 проценти од вкупниот број испитаници се стекнале со титулата магистер на науки и 1 испитаник со титулата доктор на науки. При обработката на ова и на прашањето кое му претходеше на ова прашање, беше воочено дека оние педагози кои се со помало работно искуство, имаат повисоко образование. Оттаму може да се извлече заклучок дека педагозите од „поновата“ генерација

Табела бр. 3. Степен на образование на испитаниците

| Исказ | F | f% | f% total |
|---|---|---|---|
| а) високо образование | 90 | 82% | 78% |
| б) магистер на науки | 19 | 17% | 17% |
| в) доктор на науки | 1 | 1% | 1% |
| N= | 110 | 100% | 96% |

се стремат кон проширување на своите знаења, а со самото тоа и кон подобрување на квалитетот на работата.

Прашањата со реден број 6., 7., 8. и 9. бараа од лицето кое го пополнува прашалникот да наведе: контакт-телефон, официјална електронска адреса, персонална електронска адреса и веб-страница на училиштето, со цел понатамошна соработка, разјаснување на евентуални нејаснотии во поглед на одговорите кои ги запишале во прашалниците и сл.

**II. Ставовите и мислењата на педагозите за процесот на проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во основно училиште**

Првото прашање се однесува на начините на кои ги информираат родителите/старателите за запишување на децата во основно училиште за наредната учебна година. Понудени се шест одговори и оставено е место за надополнување на листата на одговори во случај да не е наведен некој од начините на кој го спроведуваат информирањето и е наведено дека може да се заокружат повеќе од понудените одговори. Шест испитаници го пополниле празниот простор и допишале дека одат во посета на домовите (во помалите општини), организираат „Отворен ден за родители и ученици" и децата доаѓаат во посета на училиштето организирана од градинката што ја посетуваат. Со оглед на тоа дека од сите испитаници, шест (5,22%) го дополниле и рангирале ова прашање, може да се претпостави дека речиси сите начини на кои се информираат родителите/старателите на територијата на Република Македонија за запишување на идните првачиња се опфатени во табелата и графиконот кои следуваат по ова прашање.

Табела бр. 4. Начинот на кој родителите/старателите добиваат информации за започнување на процесот на запишување на децата во основно училиште за наредната учебна година

| Искази | f | f% |
|---|---|---|
| а) преку огласна табла во училиштето | 84 | 26,50% |
| б) објавување информации на веб-страницата на основното училиште | 33 | 10,41% |
| в) преку средства за масовно информирање | 21 | 6,62% |
| г) преку писмено информирање на семејствата | 59 | 18,61% |
| д) преку истакнување печатени информации на клучните места во општината | 62 | 19,56% |
| ѓ) преку соработка со градинките | 53 | 16,72% |
| е) посета на домовите | 1 | 0,32% |
| ж) „Отворен ден за родители и ученици" | 2 | 0,63% |
| з) преку посета во училиштето организирана од градинката што ја посетуваат децата | 2 | 0,63% |
| ..N= | 317 | 100% |

Второто прашање се однесува на тоа дали пред започнувањето на проценката на развојот на децата, педагозите организираат заеднички средби со родителите/старателите. Прашањето го одговориле сите 115 испитаници. На ова прашање се понудени три одговори, а од испитаниците се бара да заокружат еден од понудените одговори:

а) да,

б) не,

в) повеќе практикувам индивидуални средби.

Табела бр. 5. Ставови на испитаниците во поглед на организација на заеднички средби со родителите/старателите пред започнувањето на проценката на развојот на децата

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| а) да | 28 | 24,35% |
| б) не | 29 | 25,22% |
| в) повеќе практикувам индивидуални средби | 58 | 50,43% |
| N= | 115 | 100,00% |

Графикон бр. 4. Ставови на испитаниците во поглед на организација за заеднички средби со родителите/старателите пред започнувањето на проценката на развојот на децата




Базирано на одговорите на испитаниците, 28 од нив (24,35%) го заокружиле одговорот под а) да, 29 (25,22%) го заокружиле одговорот под б) не, а 58 (50,43%) го заокружиле одговорот под в) повеќе практикувам индивидуални средби. Во поглед на тоа дека никаде не е пропишано дека ваква средба мора да се оствари, а и присуството на детето пред проценката не игра голема улога (доколку станува збор за информативна средба со родителот), може да се констатира дека училиштата, и покрај дадените насоки од Бирото за развој на образование, како и од законските регулативи во Законот за основно образование, имаат доза на слобода во поглед на начинот на кој ја организираат својата работа.

Третото прашање бара да се наведат најчестите активности кои педагозите ги прават за подготовка пред запишувањето на децата во основното училиште. Понудени се девет одговори, оставени се две места за дополнување и дозволено е да се заокружат повеќе

одговори. Ова прашање е прашање со скалирање, при што вредноста 1 е поставена како најниска вредност, а 5, како највисока. Одговорот на ова прашање го дополниле 15 училишта и меѓу нивните одговори се најдоа изработката на флаери и брошури, барање список на идни првачиња од МВР и изготвување формулари. Одговорот под а) уредување на заедничките простории во училиштето, го рангирале 90 испитаници (78,26%), и тоа: со вредност 1 го рангирал 1 испитаник (0,87%), со вредност 2 го рангирале 3 испитаници (2,61%), со вредност 3 го рангирале 27 испитаници (23,48%), со вредност 4 го рангирале 25 испитаници (21,74%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 34 испитаници (29,57%). Одговорот под б) уредување на просторијата во која ќе се врши проценката, го рангирале 104 испитаници (90,43%), и тоа: со вредност 1 го рангирал 1 испитаник (0,87%), ниту еден испитаник не го рангирал со вредност 2, со вредност 3 го рангирале 8 испитаници (6,96%), со вредност 4 го рангирале 19 испитаници (16,52%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 76 испитаници (66,09%). Одговорот под в) обезбедување материјал за цртање и пишување, го рангирале 108 испитаници (93,91%), и тоа: ниту еден испитаник не го рангирал со вредностите 1 и 2, со вредност 3 го рангирале 4 испитаници (3,48%), со вредност 4 го рангирале 10 испитаници (8,70%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 94 испитаници (81,74%).

Табела бр. 6. Најчести активности за подготовка пред запишувањето на децата во основното училиште

| | | | | total | средина |
|---|---|---|---|---|---|
| а) уредување на заедничките простории во училиштето | 1 | 1 | 1% | 0,87% | 3,98 |
| | 2 | 3 | 3% | 2,61% | |
| | 3 | 27 | 30% | 23,48% | |
| | 4 | 25 | 28% | 21,74% | |
| | 5 | 34 | 38% | 29,57% | |
| N= | | 90 | 100% | 78,26% | |
| б) уредување на просторијата во која ќе се врши проценката | 1 | 1 | 1% | 0,87% | 4,63 |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 3 | 8 | 8% | 6,96% | |
| | 4 | 19 | 18% | 16,52% | |
| | 5 | 76 | 73% | 66,09% | |
| N= | | 104 | 100% | 90,43% | |
| в) обезбедување материјал за цртање и пишување | 1 | 0 | 0,00% | 0,00% | 4,83 |
| | 2 | 0 | 0,00% | 0,00% | |
| | 3 | 4 | 3,70% | 3,48% | |
| | 4 | 10 | 9,26% | 8,70% | |
| | 5 | 94 | 87,04% | 81,74% | |
| N= | | 108 | 100% | 93,91% | |
| г) обезбедување играчки | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 4,29 |
| | 2 | 4 | 4% | 3,48% | |
| | 3 | 12 | 12% | 10,43% | |
| | 4 | 33 | 34% | 28,70% | |
| | 5 | 48 | 49% | 41,74% | |
| N= | | 97 | 100% | 84,35% | |
| д) првично запознавање со децата | 1 | 2 | 2% | 1,74% | 4,48 |
| | 2 | 2 | 2% | 1,74% | |
| | 3 | 7 | 8% | 6,09% | |
| | 4 | 18 | 20% | 15,65% | |
| | 5 | 60 | 67% | 52,17% | |
| N= | | 89 | 100% | 77,39% | |

Одговорот под г) обезбедување играчки, го рангирале 97 испитаници (84,35%), и тоа: со вредност 1 не го рангирал ниту еден испитаник, со вредност 2 го рангирале 4 испитаници (3,48%), со вредност 3 го рангирале 12 испитаници (10,43%), со вредност 4 го рангирале 33 испитаници (28,70%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 48 испитаници (41,74%). Одговорот под д) првично запознавање со децата, го рангирале 89 испитаници (77,39%), и тоа: со вредност 1 го рангирале 2 испитаници (1,74%), со вредност 2 го рангирале 2 испитаници (1,74%), со вредност 3 го рангирале 7 испитаници (6,09%), со вредност 4 го рангирале 18 испитаници (15,65%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 60 испитаници (52,17%). Одговорот под ѓ) обезбедување книжевни дела за деца, го рангирале 90 испитаници (78,26%), и тоа: со вредност 1 го рангирал 1 испитаник (0,78%), со вредност 2 го рангирале 5 испитаници (4,35%), со вредност 3 го рангирале 16 испитаници (13,91%), со вредност 4 го рангирале 23 испитаници (20,00%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 45 испитаници (39,13%). Одговорот под е) обезбедување дидактички материјали го рангирале 103 испитаници (89,57%), и тоа:

Табела бр. 6.а. Најчести активности за подготовка пред запишувањето на децата во основното училиште

| Искази | ранг | f | f% | f% total | аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| ѓ) обезбедување литература за деца | 1 | 1 | 1% | 0,87% | 4,18 |
| | 2 | 5 | 6% | 4,35% | |
| | 3 | 16 | 18% | 13,91% | |
| | 4 | 23 | 26% | 20,00% | |
| | 5 | 45 | 50% | 39,13% | |
| N= | | 90 | 100% | 78,26% | |
| е) обезбедување дидактички материјали | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 4,56 |
| | 2 | 3 | 3% | 2,61% | |
| | 3 | 8 | 8% | 6,96% | |
| | 4 | 20 | 19% | 17,39% | |
| | 5 | 72 | 70% | 62,61% | |
| N= | | 103 | 100% | 89,57% | |
| ж) избор на инструменти за бележење | 1 | 2 | 2% | 1,74% | 4,65 |
| | 2 | 1 | 1% | 0,87% | |
| | 3 | 6 | 6% | 5,22% | |
| | 4 | 13 | 13% | 11,30% | |
| | 5 | 80 | 78% | 69,57% | |
| N= | | 102 | 100% | 88,70% | |
| з) техничка подготовка за прибирање на потребната документација од семејствата | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 4,74 |
| | 2 | 1 | 1% | 0,87% | |
| | 3 | 4 | 4% | 3,48% | |
| | 4 | 14 | 14% | 12,17% | |
| | 5 | 79 | 81% | 68,70% | |
| N= | | 98 | 100% | 85,22% | |
| ѕ) изработка на флаери и брошури | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 3,89 |
| | 2 | 2 | 22% | 1,74% | |
| | 3 | 2 | 22% | 1,74% | |
| | 4 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 5 | 5 | 56% | 4,35% | |
| N= | | 9 | 100% | 7,83% | |
| и) список на идни првачиња од МВР | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 4,62 |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 3 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 4 | 5 | 38% | 4,35% | |
| | 5 | 8 | 62% | 6,96% | |
| N= | | 13 | 100% | 11,30% | |
| ј) изготвување формулари | 1 | 0 | 0% | 0,00% | 5 |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 3 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 4 | 0 | 0% | 0,00% | |
| | 5 | 6 | 100% | 5,22% | |
| N= | | 6 | 100% | 5,22% | |

со вредност 1 не го рангирал ниту еден испитаник, со вредност 2 го рангирале 3 испитаници (2,61%), со вредност 3 го рангирале 8 испитаници (6,96%), со вредност 4 го рангирале 20 испитаници (17,39%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 72 испитаници (62,61%). Одговорот под ж) избор на инструменти за бележење, го рангирале 102 испитаници (88,70%), и тоа: со вредност 1 го рангирале 2 испитаници (1,74%), со вредност 2 го рангирал 1 испитаник (0.87%), со вредност 3 го рангирале 6 испитаници (5,22%), со вредност 4 го рангирале 13 испитаници (11,30%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 80 испитаници (69,57%). Одговорот под з) техничка подготовка за прибирање на потребната документација од семејствата го рангирале 98 испитаници (85,22%), и тоа: со вредност 1 не го рангирал ниту еден испитаник, со вредност 2 го рангирал 1 испитаник (0,87%), со вредност 3 го рангирале 4 испитаници (3,48%), со вредност 4 го рангирале 14 испитаници (12,17%) и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 79 испитаници (68,70%).

По обработката на прашалниците беше воочено дека од сите испитаници, 15 го дополниле прашањето со следните одговори кои во табелата и графикотот се под буквите ѕ), и) и ј). Одговорот под ѕ) изработката на флаери и брошури го рангирале 9 испитаници (7,83%), и тоа: со вредност 1 не го рангирал ниту еден испитаник, со вредност 2 го рангирале 2 испитаници (1,74%), со вредност 3 го рангирале 2 испитаници (1,74%), со вредност 4 не го рангирал ниту еден испитаник и со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 5 испитаници (4,35%).

Одговорот под и) список на идни првачиња од МВР, го рангирале 13 испитаници (11,30%), и тоа: со вредностите 1, 2 и 3 не го рангирал ниту еден испитаник, со вредност 4 го рангирале 5 испитаници (4,35%) и со вредност 5 како највисока вредност го рангирале 8 испитаници (6,96%). Одговорот под ј) изготвување на формулари го рангирале 13 испитаници (11,30%), и тоа: со вредностите 1, 2, 3 и 4 не го рангирал ниту еден испитаник, а со вредност 5 како највисока вредност, го рангирале 6 испитаници (5,22%). Со цел полесно да се воочи колку често се употребуваат активностите, последната колона од табелата ја претставува аритметичката средина на податоците добиени од испитаниците. Доколку се земат предвид одговорите на испитаниците, може да се констатира дека стручните соработници го насочуваат своето внимание кон добра подготовка пред проценката на децата, со цел да се добијат релевантни и точни информации за развојниот статус на децата, проценката да се одвива лесно и непрекинато, а и самото дете да се чувствува пријатно за време на проценката.

Четвртото прашање се однесува на тоа на кој начин испитаниците го спроведуваат испитувањето за подготвеноста за запишување во училиште кај децата. Понудени се четири одговори (а) индивидуално со секое дете, б) индивидуално со секое дете и неговиот родител/старател, в) во мали групи со три до пет деца, г) во мали групи во присуство на родители, од кои испитаниците треба да заокружат еден. По анализата на одговорите може да се воочи дека и покрај препораките на Бирото за развој на образованието за користење на моделот под г) во мали групи во присуство на родители, најголем број стручни соработници го преферираат индивидуалниот пристап, со присуство на родител. Речиси половина од испитаниците (48%) го заокружиле одговорот под б) индивидуално со секое дете и неговиот родител/старател, 39 испитаници (27%) го заокружиле одговорот, т.е. начинот кој го препорачува Бирото за развој на образованието, 18 испитаници (13%) го заокружиле одговорот под в) во мали групи со три до пет деца и 17 испитаници (12%) го заокружиле одговорот под а) индивидуално со секое дете. Треба да се земе предвид дека секое училиште ги нема истите услови.

Табела бр. 7. Начинот на кој испитаниците го спроведуваат испитувањето за подготвеноста за запишување на децата во училиште

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| а) индивидуално со секое дете | 17 | 12% |
| б) индивидуално со секое дете и неговиот родител/старател | 68 | 48% |
| в) во мали групи со три до пет деца | 18 | 13% |
| г) во мали групи во присуство на родители | 39 | 27% |
| N= | 142 | 100% |

Графикон бр. 5. Начинот на кој испитаниците го спроведуваат испитувањето за подготвеноста за запишување на децата во училиште



Прашањето 4.а. бара од испитаниците да наведат зошто го користат токму тој модел кој го избрале на прашањето бр. 4. Застапени се сите одговори (од а) до г)). Некои училишта користат повеќе од еден начин (во зависност од околностите), повеќето училишта практикуваат одреден начин поради различни причини како: просторни можности, местоположба, средства, затоа што децата се чувствуваат посигурно во присуство на родителите, запознавање на детето со идните соученици (во малите места каде што има до 10 првачиња), да се воочи односот во семејството, да се види односот на детето кон непознати (Комисијата и соучениците во зависност од моделот којшто го користат). Сево ова покажува дека и покрај тоа што Бирото за развој на образованието има посочено предлог-модел за вршење на проценката, условите и околностите во кои работат дел од училиштата, не дозволуваат негова имплементација.

Прашањето број 5. се однесува на членовите на Комисијата кои ја вршат проценката, а го одговориле 108 испитаници. Во поглед на составот на Комисијата добиени се 11 различни одговори, кои можат да се погледнат во следната табела и графикон. Иако станува збор за прашање од отворен тип, резултатите се претставени во табела и графикон, затоа што ова прашање е од огромно значење за квалитетот на проценката.

Табела бр. 8. Членовите кои ја сочинуваат Комисијата за проценка на развојниот статус на децата при запишување во прво одделение

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| педагог и психолог | 2 | 1,85% |
| педагог, психолог, социолог и одделенски наставник | 2 | 1,85% |
| педагог, психолог, одделенски наставник (македонски јазик), одделенски наставник (албански јазик) и по потреба дефектолог | 14 | 12,96% |
| педагог, психолог и одделенски наставник | 46 | 42,59% |
| педагог, психолог и социолог | 5 | 4,63% |
| педагог, психолог и директор | 15 | 13,89% |
| педагог и наставници што ќе водат прво одделение | 3 | 2,78% |
| педагог, психолог и 3 одделенски наставници | 10 | 9,26% |
| педагог и 4 одделенски наставници | 8 | 7,41% |
| директор, заменик-директор, педагог, психолог и 3 одделенски наставници | 1 | 0,93% |
| само педагог | 2 | 1,85% |
| N= | 108 | 100,00% |

Добиените податоци одат во прилог на четвртата посебна хипотеза, затоа што, иако директорот ја формира Комисијата за проценка (како што е наведено од Бирото за развој на образование и Законот за основно образование), педагогот е единствената константа, т.е. единствениот член кој е секогаш присутен во Комисијата за испитаниците и ја има водечката улога при проценката на децата, секако со исклучок, кога навистина не може да присуствува од оправдани причини.

Прашањето со реден број 6. се однесува на тоа дали учеството на сите членови е активно. Во прашалникот беа понудени три одговори и од нив требаше да се заокружи еден. На ова прашање одговориле вкупно 107 испитаници од кои: под а) да, секогаш – заок

Табела бр. 9. Учество на членовите на Комисијата, покрај педагогот

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| а) да, секогаш | 59 | 55% |
| б) понекогаш | 42 | 39% |
| в) никогаш | 6 | 6% |
| N= | 107 | 100% |

ружиле 59 испитаници (55%), под б) понекогаш – заокружиле 42 испитаници (39%), а под в) никогаш – заокружиле 6 испитаници (6%). Според Законот за основно образование, Комисијата која ја формира директорот треба да биде составена од педагог или психолог и одделенски наставник, но доколку се направи анализа на одговорите на ова и претходното прашање може да се воочи дека голем дел од училиштата не го применуваат токму овој модел на работа.

Графикон бр. 6. Учество на членовите на Комисијата, покрај педагогот




Прашањето 6.а. бара од испитаниците да објаснат како учествуваат членовите на Комисијата при проценката. Најголемиот дел рекоа дека сите членови од Комисијата учествуваат подеднакво, се надополнуваат; постои и ставот дека педагогот сам ја врши работата затоа што самиот смета дека така е најдобро; дел од испитаниците сметаат дека дефектологот треба да биде присутен само доколку навистина има потреба од тоа и во некои училишта поради голема заинтересираност и големиот број деца, членовите на Комисијата се делат во различни простории и истовремено вршат проценка. Оттука, повторно, како што е наведено во неколку од претходните прашања, одговорот на ова прашање осцилира во зависност од условите во основното училиште и од околностите.

На седмото прашање требаше да се напишат инструментите кои педагозите ги користеа при проценката. На ова прашање одговорија 76 испитаници и нивните одговори не се разликуваат во голема мера еден од друг. Сите од нив користеа евидентен лист за следење на детето при упис во прво одделение, образец за општи податоци за ученикот, образец за општи

податоци за родителите, дидактички материјали, инструменти од Бирото за развој на образованието – БРО, матичен лист и сл. Сите овие прилози се достапни подолу во точката 2. Анализа на педагошко-методолошка документација на педагозите.

Осмото прашање се однесува на развојните подрачја за кои се испитува развојната подготвеност на децата при процесот на запишување во основно училиште. На ова прашање одговорија 54 испитаници и сите имаа речиси исти одговори. Сите испитаници ги испитуваат социјалното, когнитивното подрачје, социјализацијата, емоционалниот и физичкиот развој, моториката, вниманието и концентрацијата, со цел да се опфатат сите компоненти кои посочуваат дека детето е подготвено да појде на училиште. Инструментите коишто ги користат, се: тестот „Лаурете Бендер", опсервациска листа, протокол за интервју, цртежи и слики, евидентен лист, илустрирани текстови. Од овие податоци може да се извлече заклучок дека Комисијата, проценувајќи го детето, мора да ги знае и разбира развојните карактеристики на децата од пет и шестгодишна возраст кои се посочени во првиот дел од трудот под точка 4. Релевантните педагошки аспекти на процесот на запишување на децата во основно училиште и следните четири потточки.

Табела бр. 10. Начинот на кој испитаниците го спроведуваат испитувањето за подготвеноста за запишување на децата во училиште

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| а) да | 53 | 51% |
| б) не | 50 | 49% |
| N= | 103 | 100% |

Деветтото прашање покажа дека 49 проценти од стручните работници не користат елементи на игра при вршењето на проценката, а 51 процент од оние коишто одговориле (103 педагози) користат елементи на игра што оди во прилог на петтата посебна хипотеза. Многу е важно да се нагласи дека методот на игра, особено на оваа возраст (5-6 години) е од огромно значење. Децата најлесно учат и се отвораат преку игра, тие така осознаваат и стекнуваат нови знаења. Особено кога станува збор за проценката, треба да се земе предвид дека детето сѐ уште не ги познава доволно ниту членовите на Комисијата, ниту просториите на училишната зграда, па токму затоа играта е метод кој ќе го опушти и ќе му дозволи да се претстави во своето вистинско светло.

Прашањето 9.а. бара од оној кој го пополнува прашалникот да ги напише игровните активности кои ги употребува. Педагозите во Република Македонија најмногу се служат со

игрите: Волшебна торбичка; Каладонт; Ден-Ноќ; Без повторување; Јас опишувам, ти погодуваш – ти опишуваш, јас погодувам; На буква, на буква; Погоди го натрапникот; Погоди кое животно сум; сложувалки, коцки итн. Стручноста на педагогот е во тоа преку сите овие игри и игровни активности да успее да направи релевантна проценка на развојниот статус на детето.

Прашањата со реден број 3. (најчестите активности кои ги прават за подготовка), 4. (начинот на спроведување на проценката), 4.а. (зошто токму тој начин), 7. (кои инструменти ги користат), 8. (развојните подрачја кои ги проценуваат ) и 9. (застапеноста на елементи на игра) од вториот дел на прашалникот, одат во прилог на втората посебна хипотеза, според која педагошко-методолошката структура на проценката дава релевантна проценка на развојниот статус на децата за запишување во основно училиште.

Десеттото прашање се однесува на важноста на предучилишното воспитание и образование. Испитаниците требаше со помош на скалирање (1 најниска, а 5 највисока вредност) да „оценат" четири понудени одговори, при што не мораат да ги заокружат сите, но можат да заокружат повеќе одговори, како и да дополнат, доколку сметаат дека нешто недостасува. 109 испитаници (95,61%) сметаат дека предучилишните установи позитивно влијаат врз целокупниот развој на детето, 101 испитаник (88,60%) го делат мислењето дека предучилишните установи позитивно влијаат врз социјализацијата, 99 испитаници (86,09%) сметаат дека предучилишните установи позитивно влијаат врз развојот на основните јазични вештини, 99 испитаници (86,09%) сметаат дека предучилишните установи позитивно влијаат врз моториката на децата и само еден испитаник

Табела бр. 11. Ставовите на испитаниците за вклученоста во предучилишното образование најмалку една година пред тргнување на училиште

| Искази | ранг | f | f% | f%total |
|---|---|---|---|---|
| а) позитивно влијае врз целокупниот развој на децата | 1 | 0 | 0% | 0% |
| | 2 | 0 | 0% | 0% |
| | 3 | 6 | 6% | 5% |
| | 4 | 11 | 10% | 10% |
| | 5 | 92 | 84% | 81% |
| N= | | 109 | 100% | 96% |
| б) позитивно влијае врз социјализацијата | 1 | 0 | 0% | 0% |
| | 2 | 0 | 0% | 0% |
| | 3 | 5 | 5% | 4% |
| | 4 | 7 | 7% | 6% |
| | 5 | 89 | 88% | 78% |
| N= | | 101 | 100% | 89% |
| в) позитивно влијае врз развојот на основните јазични вештини | 1 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 3 | 6 | 6% | 0,05% |
| | 4 | 14 | 14% | 0,12% |
| | 5 | 79 | 80% | 0,69% |
| N= | | 99 | 100% | 0,87% |

(0,87%) дополнил дека предучилишните установи позитивно влијаат врз развивањето на меѓуетничките односи. Всушност, ова ја потврдува третата посебна хипотеза, според која предучилишното воспитание и образование е од огромна важност.

Табела бр. 11.а. Ставовите на испитаниците за вклученоста во предучилишното образование најмалку една година пред тргнување на училиште.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| г) позитивно влијае врз моториката на децата | 1 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 3 | 4 | 4% | 0,04% |
| | 4 | 16 | 16% | 0,14% |
| | 5 | 79 | 80% | 0,69% |
| N= | | 99 | 100% | 0,87% |
| д) развивање на меѓуетнички односи | 1 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 2 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 3 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 4 | 0 | 0% | 0,00% |
| | 5 | 1 | 100% | 0,87% |
| N= | | 1 | 100% | 0,87% |

Единаесеттото прашање се однесува на процентот на деца кои посетувале предучилишна установа пред да се запишат во основното училиште. Неколку педагози додале свои одговори кои се земени предвид и се вклучени во табелата и графиконот. По обработката на податоците може да се воочи дека процентот на деца кои посетуваат предучилишни установи, за жал, не е многу висок. Дел од општините воопшто немаат предучилишни установи кои децата би можеле да ги посетуваат. Всушност, ова на некој начин се коси со првата посебна хипотеза која вели дека законските одредби се компатибилни со педагошките барања. Иако предучилишното воспитание и образование не е задолжително според Законот за основно образование и воспитание, педагозите велат дека тоа треба да стане задолжително, барем една година пред тргнувањето на училиште, и покрај концептот на деветгодишното воспитание и образование кое се практикува во Република Македонија.

Табела бр. 12. Процентуален приказ на децата кои посетувале установа за предучилишно воспитание и образование и се запишале во основно училиште

| Исказ | f | f% |
|---|---|---|
| а) 15% | 18 | 16% |
| б) 25% | 10 | 9% |
| в) 50% | 17 | 15% |
| г) 75% | 50 | 45% |
| д) 100% | 2 | 2% |
| ѓ) 95% | 4 | 4% |
| е) 90% | 5 | 5% |
| ж) 0% | 3 | 3% |
| з) 2.5 % | 1 | 1% |
| N= | 110 | 100% |

Графикон бр. 27. Процентуален приказ на децата кои посетувале установа за предучилишно воспитание и образование во годината пред запишување во основно училиште




Дванаесеттото прашање ги бара начините на кои ги информираат семејствата за резултатите од испитувањето. Најголем број од испитаниците одговорија дека исходот од проценката го кажуваат веднаш по проценката (усно), следни по бројност се оние кои соопштуваат веднаш по проценката и уште еднаш официјално (писмено) до крајот на месецот јуни. Следни се оние, кои, покрај писменото известување, истакнуваат и список на запишани деца на веб-страницата и на огласна табла во училиштето, а веднаш зад нив се оние кои соопштуваат на втората средба, на која родителите добиваат известување за подготвеноста на детето за запишување во училиште и оние кои организираат родителски средби со таа цел. Во Законот за основно образование е пропишано дека Комисијата е должна, по правило, да го извести родителот за подготвеноста на детето за тргнување во училиштето најмалку два месеца пред почетокот на наставата.

Тринаесеттото прашање е делот за предлози, со цел подобрување на квалитетот на испитувањето/проценката. Многумина имаат напишано дека би било добро да се изготви унифициран образец кој ќе се користи на ниво на цела држава. Други пак, сакаат поголем фокус на детето и повеќе игровни активности, трети сакаат соодветно опремени простории и соодветни дидактички материјали. Голем процент на испитаниците имаа одговорено дека е

потребна поголема вклученост на децата во предучилишните установи, што на некој начин се коси со третата посебна хипотеза, особено кога станува збор за училиштата кои се наоѓаат во општини во кои воопшто нема предучилишни воспитно-образовни установи.

## 2. Анализа на педагошко-методолошка документација на педагозите

Како што е веќе споменато во трудот, со истражувањето беа опфатени 115 испитаници, а 23 од нив доставија релевантна педагошка документација која ја користат при проценката на децата за запишување во прво одделение. Во оваа документација своето место го наоѓаат: формулар со податоци за ученикот, формулар со податоци за родителите/старателите, евидентни листови, барања.

Иако документацијата е навидум различна (по својот дизајн), содржински, таа е иста.

При анализата на педагошко-методолошката документација на педагозите беше воочено дека повеќето од педагозите кои ја доставија, користат нови, современи листи и формулари, но некои од нив сè уште се држат до стариот тест за испитување на предзнаењата на децата при упис во прво одделение, и покрај тоа што Законот за основно образование не дозволува да се користат тестови и терминот тестирање.

Како што минува времето, така се менува општеството, а со самото тоа и педагозите мораат да ја приспособуваат педагошката документација на новите промени и да бидат во тек со општеството во кое растат децата кои ги проценуваат.

Современата педагошко-методолошка документација на педагозите се состои од:

1. Барање кое го поднесува родителот/старателот за запишување на детето во основното училиште. Со овој документ, родителот/старателот бара училиштето да овозможи упис за неговото дете. Името и презимето како на родителот/старателот, така и на детето се запишани на барањето, заедно со датумот на раѓање на детето. Овој документ се повикува на член 47, став 2 од Законот за основно образование.
2. Покана од училиштето до родителите/старателите. Со оваа покана се известуваат родителите/старателите дека законски се обврзани да појдат до училиштето најдоцна до 31 мај, со цел да договорат датум за проценка. Покрај тоа, наведени

се и потребните документи за денот на проценката (извод од матична книга на родени, потврда за примени задолжителни вакцини од матичниот лекар и потврда за систематски преглед од стоматолог од амбулантата со која соработува училиштето).

3. Известување кое го пополнува родителот/старателот за да потврди дека неговото дете е запишано во основното училиште, а притоа ја наведува и причината за запишувањето токму таму.
4. Потврда која ја пополнува училиштето. Со овој документ училишето потврдува дека детето е запишано и ја наведува учебната година. Долу во десниот агол стои потписот на директорот.
5. Формулар со податоци за детето. Информациите кои ги бара овој формулар се: име на детето, име на таткото/старателот, презиме, ЕМБГ на детето, датум и место на раѓање, пол, националност, мајчин јазик, адреса на живеење (улица, број, населено место), контакт-телефон, здравствена состојба на детето (вид, слух, говор, потешкотии со моториката, алергии, хронична болест, оперирано, прележана болест), дали има проблеми со адаптација на нова средина (да се заокружи „да“ или „не“), дали е самостојно при облекување (да се заокружи „да“ или „не“), дали е самостојно при јадење (да се заокружи „да“ или „не“), дали е единче (да се заокружи „да“ или „не“), дали досега посетувало детска градинка (да се заокружи „да“ или „не“) и колку време.
6. Формулар со податоци за родителите/старателите. Информациите кои ги бара овој формулар за двајцата родители/старатели, се: име, име на таткото (дедото на детето), презиме, датум и место на раѓање, националност, степен на образование, адреса и место на живеење, контакт-телефон, електронска адреса, детето има два родитела (да се заокружи „да“ или „не“), оставен простор за родителот/старателот да допише некоја информација ако смета дека Стручната служба и идните наставници треба да ја знаат за детето.
7. Евидентен лист. Овој документ се користи за време на проценката. На него членовите од Комисијата (педагогот најчесто) запишуваат што воочиле кај детето. Овие листови глобално ја имаат истата содржина, се разликуваат само по нивниот дизајн. „Арсламина“ како издавачка куќа, минатата година издаде евидентен лист кој оди во прилог со материјал за упис на ученици во прво одделение.

8. Материјал за упис на ученици во прво одделение. Многумина од педагозите сами си ги изработуваат овие материјали или пак ги немаат како документ, но на друг начин успеваат да ги испитаат истите развојни карактеристики. Евидентниот лист содржи: коси линии, полжави и останати форми кои детето треба да ги допише во редот, со цел Комисијата да увиди дали е развиена графомоториката кај детето, неколку геометриски форми кои детето треба да ги прецрта, да подреди приказна во слики, да препознае и да заокружи одредена буква во дадени зборови, со упатства да ја напише буквата А (дадена е напишана, потоа следуваат инструкции со стрелки, и на крајот детето треба самостојно да ја напише буквата), да вметне буква во веќе дадени зборови, да го напише своето име, да каже на сликата што има повеќе (пр. круши или јаболка) и да ги заокружи, да го пречкрта вишокот предмети за да бидат точен број, дадени се множества со предмети и напишани се броеви во квадрати – детето треба да го поврзе бројот со количеството кое му одговара, да дополни низа со броеви, да изброи и запише колку предмети од одреден вид има на сликата, да обои големи форми со една, а мали со друга боја, да изброи колку квадрати, правоаголници и триаголници има поединечно и вкупно, да обои исти форми со иста боја, да заокружи („да“ или „не“) дали формата соодветствува со текстот под неа, дали ги разбира положбите: пред, зад, надвор, внатре, над и под, да ги поврзе спротивните дејства, да ги подреди годишните времиња, да исече и залепи одредени делови или слики, да исече слики и да ја подреди приказната.

За разлика од современата педагошко-методолошка документација, некогаш се користеле тестови на кои учениците се бодувале и во зависност од освоените бодови, ги групирале децата во шест групи, и тоа: од 53 до 64 бодови – значително над просек, од 43 до 52 бодови – над просек, од 33 до 42 бодови – просек, од 23 до 32 – под просек, од 13 до 22 бодови – значително под просек и од 0 до 12 бодови – интелектуален дефект. Ваквите тестови беа исфрлени од употреба, најпрво поради неправилната формулација како на прашањата, така и на групите, а потоа и затоа што не соодветствуваат во целост со развојните карактеристики на децата од 5 и 6-годишна возраст.

По обработката на документацијата која ја доставија испитаниците, беше воочено дека сè уште постојат училишта на територијата на Република Македонија кои користат застарени

материјали и тестови што во некоја мера се коси со главната хипотеза која вели дека постои конзистентен педагошко-методолошки систем за проценка на развојот на децата во основното училиште во Република Македонија.

# IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ



## Заклучни согледувања и препораки

Отсекогаш постоела интенција да се изгради ефикасен и ефективен воспитно-образовен систем со добра и силна основа. За таа цел, експертите од областа на воспитанието и образованието бараат подобар и поквалитетен модел кој ќе овозможи квалитетно основно воспитание и образование.

Како многу важен сегмент за почетокот на образовниот процес се јавува токму проценката на развојот на децата која ја вршат педагозите.

Истражувањето за педагошката проценка на развојот на децата за запишување во основно воспитание и образование беше спроведено во 36 општини кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија и опфати 115 централни основни училишта. Доколку се земе предвид дека со истражувањето беа опфатени сите региони на Република Македонија, може да се констатира дека примерокот кој учествувал е репрезентативен и квалитативно и квантитативно.

Овој магистерски труд е потполно фокусиран на анализирање на начинот на кој се спроведува педагошката проценка на развојот на децата при запишувањето во основно воспитание и образование, со посебен осврт кон методолошкиот пристап на релевантните педагошки аспекти, законските регулативи, улогата на педагогот и улогата на предучилишното образование и воспитание.

Главната цел на овој труд беше да се испитаат педагошко-методолошките основи на проценката на развојот на децата за запишување во основно училиште во Република Македонија.

Со цел да се добие целосна слика за педагошката проценка, покрај педагошко-методолошките основи на проценката, беше анализирана педагошката компонента на законските основи, поконкретно, четвртиот дел од Законот за основно образование во кој се пропишани најголем дел од законите, подзаконските акти и правилници релевантни за оваа проблематика. Своето место во истражувањето го најдоа и важноста на предучилишното воспитание и образование, како и конкретно, функцијата на педагогот при реализацијата на проценката.

**Главната/општата хипотеза** „Педагошко-методолошкиот систем за проценка на развојот на децата за тргнување во основното училиште во Република Македонија е конзистентен" беше испитана и делумно потврдена преку емпириското истражување кое беше спроведено во 115 училишта кои се лоцирани во 36 општини на територијата на Република Македонија. Делумно е потврдена, затоа што при обработката на податоците добиени од истражувањето се дојде до сознание дека дел од педагозите се служат со застарена педагошко-методолошка документација, која, иако во поголемиот дел се совпаѓа со онаа современата, има делови кои отстапуваат. Самиот т.н. тест за испитување на предзнаењата на децата при упис во прво одделение има печатни и граматички грешки во поглед на формулацијата на прашањата, направен е пред најмалку една деценија и е составен според развојните карактеристики на децата од 6 и 7-годишна возраст (во тој период во Република Македонија постоеше осумгодишно основно воспитание и образование во кое децата поаѓаа на училиште со полни 6 години и 7 месеци или 7 години. Во учебната 2007/2008 беше воведено деветгодишното основно воспитание и образование, а со него и уште голем број реформи, меѓу кои и отстранувањето на ваквите тестови од употреба). До секое прашање на тестот стојат бодови кои на крајот се сумираат и во зависност од резултатот, детето се сместува во одредена група, а притоа, формулацијата на групите (особено последната) не е соодветна. Во самиот тест втората точка е насловена – ПРЕДЗНАЕЊА ОД ЗПО, а ЗПО (Запознавање со природата и општеството) како наставен предмет не фигурира одамна. Оттука, иако поголемиот дел од испитаниците се служат со современа педагошко-методолошка документација, не може да се занемари фактот дека постојат училишта во кои сè уште се користат материјали кои не соодветствуваат целосно, па затоа се констатира дека општата/главната хипотеза е делумно потврдена.

**Првата помошна/посебна хипотеза** „Законските одредби за запишување на децата во основно училиште се компатибилни со педагошките барања" делумно се потврдува со резултатите кои беа добиени од истражувањето. Според одговорите на испитаниците, тие ги почитуваат сите законски одредби кои се пропишани во Законот за основно образование, освен онаа за членовите на Комисијата. Иако педагогот е константен член на Комисијата, постојат училишта во кои тој сам ја спроведува проценката на развојниот статус на децата.

**Втората помошна/посебна хипотеза** „Најголем број стручни соработници при спроведувањето на проценката преферираат индивидуален пристап со детето, во присуство на

родител“ се потврдува преку одговорите на прашањата со реден број 4. (начинот на спроведување на проценката) и 4.а. (зошто токму тој начин се користи), од вториот дел на прашалникот.

**Третата помошна/посебна хипотеза** „Бројот на деца кои посетуваат предучилишни установи во годината пред запишување во училиште, е значително поголем во однос на оние кои не посетуваат“, делумно се потврдува. По обработката на податоците може да се воочи дека процентот на деца кои посетуваат предучилишни установи, за жал, не е многу висок. Иако во поголемите општини процентот на деца кои посетувале предучилишни установи е значително поголем (45% од севкупниот број), дел од општините воопшто немаат предучилишни установи кои децата би можеле да ги посетуваат.

Понатамошната разработка на резултатите покажа дека **четвртата помошна/посебна хипотеза** „Постои потреба педагогот да биде задолжителен член на Комисијата за проценка на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение“, се потврдува. Иако директорот е оној кој ја формира Комисијата што ја спроведува проценката, во Законот за основно образование е пропишано дека Комисијата мора да биде составена од педагог или психолог и наставник за предучилишно воспитание или одделенски наставник. Резултатите кои се добиени од истражувањето покажуваат дека педагогот секогаш е член на Комисијата (без разлика дали психологот е присутен) и ја води проценката, додека другите членови само набљудуваат, а во некои училишта педагогот сам ја спроведува проценката.

**Петтата помошна/посебна хипотеза** „Стручните соработници сметаат дека е потребна примена на игра при проценката на развојниот статус на децата кои се запишуваат во прво одделение“, делумно се потврдува. Резултатите од истражувањето покажуваат дека 51% од испитаниците употребуваат елементи на игра при спроведувањето на проценката на развојниот статус на децата при запишување во основно училиште.

**Шестата помошна/посебна хипотеза** „Најголем број стручни соработници сметаат дека предучилишните установи позитивно влијаат врз целокупниот развој на детето“, се потврдува. При обработката на одговорите на испитаниците беше воочено дека испитаниците сметаат дека, иако предучилишното воспитание и образование не е задолжително според Законот, тоа треба да стане задолжително, барем една година пред тргнувањето на училиште, и покрај концептот на деветгодишното воспитание и образование кое се практикува во Република Македонија.

Крајните заклучоци упатуваат дека има потреба од ревизија на педагошко-методолошката документација која ја користат педагозите при спроведувањето на проценката на развојот на децата за запишување во основно воспитание и образование, со цел секаде да се осовремени и да биде компатибилна со развојните карактеристики на децата од 5 и 6-годишна возраст, и секако, да биде во тек со општествениот развој.

На последното прашање, испитаниците требаше да наведат свои предлози за подобрување на процесот на проценката. Одговорите се следниве:

- „Со помош на експерти да се изготви еден инструмент кој ќе се користи на територијата на Република Македонија.“
- „МОН да им овозможи услови и на децата од рурални средини.“
- „Повеќе инструменти за следење, дидактички материјали и подобри просторни услови.“
- „Да се воведе индивидуален тест за утврдување на зрелоста и подготвеноста на секое дете за училиште.“
- „Би сакал/а да има барем една обука која би се однесувала на оваа проблематика, на што повеќе да се насочиме и на што да внимаваме.“
- „Помалку административни информации, а повеќе фокус на детето.“
- „Да се вметнат игровни активности кои генерациски ќе соодветствуваат со интересите на детето“, итн.

Од горенаведените одговори на испитаниците може да се дојде до заклучок дека е потребна промена, како во поглед на самата педагошко-методолошка документација, така и на целосниот процес на реализација на проценката. Важно е да се нагласи дека потребата од промена не претставува индикатор за невалидност на постоечката современа педагошко-методолошка документација, доколку се земе предвид дека дел од училиштата кои се лоцирани во рурална средина немаат пристап до голем број дидактички средства и материјали.

Се препорачува да се посвети поголемо внимание на училиштата кои се лоцирани во руралните региони на Република Македонија, затоа што сите деца имаат право на квалитетно воспитание и образование. Конкретно, во поглед на проценката, се препорачува да се направи ревизија на веќе постоечката педагошко-методолошка документација и/или да се направи избор од неколку различни современи примероци кои ќе се користат во сите училишта

(Комисијата да има слобода да одбере еден од тие примероци за секоја проценка која ќе ја реализира, во зависност од тоа што ќе го воочи при првиот контакт со детето) на територијата на Република Македонија и да се почитуваат законски пропишаните акти и регулативи во поглед на составот на Комисијата.

Голем пропуст се гледа кај децата кои не посетуваат предучилишни установи, па затоа се апелира, доколку е возможно, предучилишното воспитание и образование (најмалку една година пред поаѓањето во училиште) да стане задолжително.

Овој магистерски труд треба да биде само почеток кој ќе разбуди интерес за понатамошни истражувања од оваа област, со цел да се создаде поголема база на податоци од која ќе се извлечат понатамошни заклучоци за подобрување на педагошката практика во овој домен.

## Литература


1. **Адамческа, С.** (1994), *Методски прирачник за ученичка лектира (I – IV одд.)*, Скопје: Легис.
2. **Адамческа, С.** (1996), *Активна настава: методички основи,* Скопје: Легис.
3. **Адамческа, С.** (1997), *Почетно читање и пишување (методски прирачник),* Скопје: Просветно дело.
4. **Алабашовска-Дамовска, Л.** (1995), *Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер.
5. **Алексоски, С.** (1998), *Психологија на комуникацијата во педагошката пракса,* Штип: „Гоце Делчев“.
6. **Алексоски, С., Цветановиќ,** В. (2002), *Култура на опитење во педагошката и во деловната комуникација,* Штип: „Гоце Делчев“.
7. **Ампов, Б.** (1986), *Подготовка на наставата (прирачник за наставници),* Скопје: Просветно дело.
8. **Ангелоска-Галевска, Н.** (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Битола: Киро Дандаро.
9. **Ангелоска-Галевска, Н.** (2003), Методологија на педагошките истражувања. Скрипта А4, Институт за педагогија – Филозофски факултет, Скопје.
10. **Ангелоска-Галевска, Н.** (2005), *Планирање на научното истражување,* интерен материјал, Скопје.
11. **Ачковска-Лешковска, Е., Миовска, С.** (2002), *Со критичко* мислење *до ефективна настава. Образовни рефлексии,* бр. 1. Скопје: БРО.
12. **Виготски, Л. С.** (1988), *Генетички корени на мислењето и говорот*, Скопје: Просветно дело.

13. **Виготски, Л. С**. (1989), *Учењето, играта и развојот во предучилишната возраст,* Скопје: Просветно дело.

14. **Вилотијевић, М.** (2000), *Дидактика 1, 2 и 3,* Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет.

15. **Вујаклија, М.** (1961), *Лексикон страних речи и израза*, Београд: Просвета.

16. **Гарднер, П.** (2011), *Нови насоки: читање, пишување и критичко мислење*, Кочани: „Европа '92“.

17. **Големан, Д**. (2006), *Емоционална интелигенција,* Скопје: Матица македонска.

18. **Делчев, Ѓ., Гринич, М.** (1995), *Се играме со буквите*, Скопје: Изолит.

19. **Делчева-Диздаревиќ, Ј.** (2003), Дидактика на јазичното подрачје во основното образование. Скопје: Просветно дело А. Д.

20. **Илиев Д.** (2006), *Акциони истражувања во образованието: креирање и водење одржливи промени во воспитно-образовниот процес,* Битола: АД печатница „Киро Дандаро“.

21. **Каменов, Е.** (1988), *Предучилишна педагогија* (книга прва), Скопје: Просветно дело.

22. **Клер, Н., Ресендерс, Р., Монсон, М., Вестрик, Џ.** (2011), *Јазична писменост во почетните одделенија,* прирачник за обучувачи, БРО.

23. **Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование** (2007), (уредници: Таше Стојановски, Митко Чешларов), Скопје: Биро за развој на образованието на Република Македонија.

24. **Котеска, Ј.** (2014), *Методика на наставата по книжевност* I и II (за интерна употреба), Филолошки факултет, Скопје.

25. **Кожух, Б., Ангелоска Галевска, Н.** (2008), *Статистичка анализа на податоци*, Скопје: Филозофски факултет.

26. **Лазаревска, С., Анѓелеска, Н. (2004),** *Со читање и пишување до критичко мислење – прирачник,* Скопје: Фондација институт Отворено општество.

27. **Лозаноски, Р.** (2014), *Методика по македонски јазик на активна и на креативна настава за работа со ученици од VI do IX одделение,* Скопје: Просветно дело.

28. **Лозаноски, Р., Велјаноски, В.** (2003), *Мајчиниот јазик непресушен вруток (Прирачник по македонски јазиик за основното училиште),* Скопје: Ина комерц.

29. **Меѓународен симпозиум** (2011), Том 2 *„Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото",* Развој на јазичната писменост-состојби и перспективи, Реферат: Тофовиќ-Ќамилова, М., Томевска-Илиевска, Е. 65 Охрид, (174–180)

30. **Меѓународно списание за образование, истражување и обука „Волумен 1"**, бр. 1, јуни 2015, ijert.fzf.ukim.edu.mk

31. **Миноски, Ј., Ѓорѓиевска, Г.** (1997) *Следење и анализирање на наставата,* Дидактички прирачник, Кочани: Младост.

32. **Мирасчиева, С.** (2005), *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште,* Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".

33. **Мицковиќ, Н**. (1985), *Литература за деца и нејзиниот одраз кај децата,* Скопје: Просветно дело, бр. 3–4.

34. **Мурговски, З.** (2005), *Речник на македонскиот јазик*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески".

35. **Мурџева-Шкариќ, О., Салџиевска, С., Николовска, М.** (1990), *Играњето и игрите,* Детска радост. Скопје: Нова Македонија.

36. **Мурџева-Шкариќ, О.** (2004), *Развојна психологија,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет. **Наставна програма по македонски јазик и упатство за реализација од I до IV одделение** (1995). Скопје: МОН, Педагошки завод на Република Македонија.

37. **Национална програма за развој на образованието во Република Македонија**: 2005 – 2015, (2005), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

38. **Неделковска, И., Буклеска, И.** (2002), *Прирачник со збирка активности по македонски јазик (I – IV одд.),* Богданци: „Софија“.

39. **Николоска, М.** (2002), *Развојна психологија (детство),* Скопје.

40. **Николовски, А.** (1983), *Методика на наставата по македонски јазик во основното училиште*, Скопје: Студентски збор.

41. **Петковска, Б.** (2008), *Методика на креативната настава по предметот македонски јазик во нижите одделенија*, Скопје: Магор.

42. **Петковска, Б.** (2014), Прилози кон *Методика на креативната настава по предметот македонски јазик во нижите одделенија на основното училиште*, Скопје: Магор.

43. **Петковски, К., Терзиоска, В., Стефановска, Л.** (2014), *Активна настава,* Битола: Херакли комерц.

44. **Петров, Н., Михајловски, В.** (1994), *Креативноста и воспитувањето,* Битола: Биангл.

45. **Петроска-Бешка В.** (1993), *Изработка и примена на објективни тестови на знаење.* Скопје: Малинска.

46. **Петроска-Бешка В.** (1999), *Анкетирање,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

47. **Пијаже, Ж.** (1988), *Развој на интелигенцијата,* Скопје: Просветно дело.

48. **Поповиќ, Ч.** (1957), *Почетно читање и пишување (прирачник за учители и ученици во учителските школи),* Скопје: Просветно дело.

49. **Попоски, К.** (2005), *Училишна докимологија: следење, проверување и оценување на постигнувањата на учениците*, Скопје: Китано.

50. **Прирачник** (2000), *Играта во наставата по мајчин јазик*, Скопје: Министерство за образовние и наука, Педагошки завод на Македонија.

51. **Прирачник** *(2004), Со читање и пишување до критичко мислење,* (уредници: С. Лазаревска, Н. Анѓелеска), Скопје: Фондација институт Отворено општество.

52. **Прирачник за наставата во прво одделение во деветгодишното основно образование** (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.

53. **Прирачник** (2009), *Компетентни учители за XXI век*, Принципи за квалитетна педагошка пракса, Скопје: Фондација за образовни и културни иницијатви „Чекор по чекор".

54. **Прирачник** (2009), *Настава и учење на 21 век*, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

55. **Прирачник** (2009), Создавање средина за учење за 21 век, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

56. **Прирачник** (2011), *Училиштето и заедницата,* Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", Тетово: Напредок

57. **Прирачник** (2011), *Самоевалвација по мерка на детето,* Скопје: Биро за развој на образованието.

58. **Проект „Со читање до лидерство"** (2013), Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", Скопје.

59. **Речник на македонскиот јазик том I.** (1994), Блаже Конески (ред.),Скопје: Детска радост.

60. **Синадиновска, О.** (1991), Практикум за наставата по македонски јазик во одделенска настава во основното училиште, Скопје: Просветно дело.

61. **Смајк, П.** (2000), *Слушање за подобро здравје, Здравствена комуникација преку правилно разбирање на пораките*, Скопје: Филозофски факултет, Институт за психологија.

62. **Стандарди за рано учење и развој кај деца на возраст од 0 до 6 години** (2009), Министерство за труд и социјална политика, Скопје: УНИЦЕФ 14. Tricia, D. Ed. (1998), Researching Early Childhood.

63. **Томевска-Илиевска, Е.** (2006), *Ефективно слушање*, Годишен зборник, Книга 59, Скопје: Филозофски факултет.

64. **Томевска-Илиевска, Е.** (2007), *Современи пристапи во следењето на развојот на учениците во основното образование*, Годишен зборник, книга 60. Скопје: Филозофски факултет.

65. **Томевска-Илиевска, Е.** (2011*), Интерактивни модели за развивање на дидактичките компетенции на наставниците* (докторска дисертација), Скопје: Филозофски факултет.

66. **Томевска-Илиевска, Е.** (2015), *Интерактивни пристапи во наставата* (учебник), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет.

67. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (1996), *Книжевни ликови и проблеми (Прирачник за наставници и студенти),* Институт Отворено општество, Скопје.

68. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (1996), *Буквар А, Б, 1, 2,* Програма „Чекор по чекор", Институт Отворено општество, Скопје: Дата Понс.

69. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (1996), *Книжевни ликови и проблеми (Прирачник за наставници и студенти),* Институт Отворено општество, Скопје.

70. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (1996), *Буквар А, Б, 1, 2,* Програма „Чекор по чекор", Институт Отворено општество, Скопје: Дата Понс.

71. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (2000). *Уметничката литература и педагошките чувства*. Скопје: Метафорум А. Д.

72. **Тофовиќ-Ќамилова, М.** (2008), *Се подготвуваме да читаме*, – вежби за глобално читање, Скопје: Просветно дело.

73. **Тофовиќ-Ќамилова, М., Томевска-Илиевска, Е.** (2015). Развој на јазичната писменост. Проект: „Со читање до лидерство", Скопје: УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

74. **Упатство за задавање Инструменти за проценка на јазичната и математичката писменост** (ЕГРА-ЕГМА), Со читање до лидерство, Фондација за образовни и културни иницијативи.

## Literatura


1. **Apel, K., Masterson, J. J.** (2004), *Jezik i govor od rođenja do šeste godine*. Lekenik: Ostvarenje.
2. **Barnett, M. A.** (1989). *More than meets the eye. Foreign language reading: Theory andpractice.* (Language in Education series No. 73). Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall Regents/Center for Applied Linguistics-ERIC Clearinghouse on Languages and Linguistics.
3. **Bastašić, Z.** (1990), *Lutka ima srce i pamet*. Zagreb: Školska knjiga.
4. **Bratanić, M.** (1974), *Važnost neposrednog promatranja u psihičkom razvoju predškolskog djeteta*, Predškolsko dete, Beograd.
5. **Bratanić, M.** (1993), *MIKROPEDAGOGIJA: Interakcijsko-komunikacijski aspekt odgoja*, Zagreb: Školska knjiga.
6. **Bratanić, M.** (1997), *Susreti u nastavi: Mikropedagoški pristup*, Zagreb: Školska knjiga.
7. **Bognar, I.** (1986), *Igra u nastavi na početku školovanja*. Zagreb: Školska knjiga.
8. Buss, D. M. & Greiling, H. (1999), *Adaptive Individual Differences*. Journal of Personality, 67, стр. 209–243.
9. **Burke Walsh, K.** (obrada hrvatskog izdanja Hitrec, G.) (2002), *Stvaranje razreda usmjerenog na dijete.* Zagreb: Udruga roditelja Korak po korak.
10. **Carrell, P. L. & Eisterhold, J. C.** (1988). Schema theory and ESL Reading Pedagogy. In Carrell, P. L., Devine, J., and Eskey, D. E. (Eds.) *Interactive Approaches to Second Language Reading.* Cambridge: Cambridge University Press.
11. **Čudina-Obradović, M.** (1995), *Igrom do čitanja*. Zagreb: Školska knjiga.
12. **Čudina-Obradović, M.** (2002), *Igrom do čitanja: igre i aktivnosti za razvijanje vještina čitanja.* Zagreb: Školska knjiga, str. 16–17.
13. **Danilović, M.** (1996), *Savremena obrazovna tehnologija*, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

14. **Diamond, M., I Hopson, J.** (2002), *Čarobno drveće uma: Kako razviti inteligenciju kreativnost i zdrave emocije vašeg djeteta od rođenja do adolescencije*. Zagreb: Ostvarenje.

15. **Đorđević, J. (1975),** *Opšta pedagogija – intelektualno vaspitanje*, Beograd: Izdavačko-informativni centar studenata.

16. **Enciklopediski rječnik pedagogije,** (1963), Zagreb: Matica hrvatska.

17. **Frojd, S.** (1969), *Uvod u psihoanalizu*, Beograd: Matica Srpska.

18. **Gojkov, G.** (2007), *Kvalitativna istraživacka paradigma u pedagogiji*, Vrsac: Triton.

19. **Grabe, W. & Stoller, F**. (2001), *Teaching and researching reading.* Harlow, Essex: Pearson ESL.

20. **Hadžiselimović, DŽ.** (1984), *Otkrivanje poremećaja u čitanju*, Zagreb: Školska knjiga.

21. **Hitrec, G**. (1991), *Kako pripremiti dijete za školu.* Zagreb: Školska knjiga.

22. **Ivić, I., Novak, J., Atanacković, N., Ašković, M.** (2003), *Razvojna mapa.* Zagreb: Prosvjeta.

23. **Jewell, M., Zintz, M.** (1986), *Learning to read naturally*, Dubuque, Iowa. Kendall/Hunt Publishing Company.

24. **Jensen, E.,** (2004): *Različiti mozgovi, različiti učenici*, Educa; Zagreb.

25. **Jovan, H.** (1987), *Timska nastava*, Rijeka: Izdavački centar Rijeka.

26. **Jurić, V.** (1977), *Metodika rada školskog pedagoga,* Zagreb: Pedagoško-književni zbor.

27. **Kiš-Glavaš, L., Fulgozi-Masnjak, R**. (2002), *Do prihvaćanja zajedno: integracija djece s posebnim potrebama*, IDEM, Zagreb.

28. **Kobola, A**. (1977), *Unapređivanje čitanja u osnovnoj školi*, Zagreb: školska knjiga.

29. **Kuniyoshi Work,** *Antologije Volume III* Tamagawa University Press, 1980 (1970) (10 listopad-objave).

30. **Landers, C**. (1989), *Early Child Development Summary Report*, New York: UNICEF

31. **Lekič, G.** (1991), *Metodika razredne nastave*, Beograd: Nova prosveta.

